МЛАДИТЕ НА ИЗБОРИТЕ:

# АНАЛИЗА за ПОЗИЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2024

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

WFD

МЛАДИТЕ НА ИЗБОРИТЕ:

# АНАЛИЗА
# за позицијата на младите на парламентарните избори 2024

**Проект:**
Практикувај демократија

**Издавач:**
Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија www.wfd.org

**За издавачот:**
Дона Костуранова, директорка во земјата за канцеларијата на Фондација за демократија на Вестминстер

**Автор на анализата:**
Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ

**Уредници:**
Ветон Зеколи, Дона Костуранова

**Графичко уредување:**
Бригада Дизајн

**Лектура:**
Јасмина Алешковиќ

**Место на издавање:**
Скопје

**Година на издавање:**
2024

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската Амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа анализа не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА:

**ПРЕДГОВОР** ..... **4**

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА** ..... **5**

**НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ** ..... **6**

**ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА** ..... **12**

**АНАЛИЗА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА МЛАДИТЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ И ВО СОБРАНИСКИОТ СОСТАВ** ..... **14**

**АНАЛИЗА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА МЛАДИНСКИТЕ ПРАШАЊА ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ И ПРОГРАМАТА НА ВЛАДАТА** ..... **25**

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА** ..... **39**

**ПРЕПОРАКИ** ..... **41**

**БИБЛИОГРАФИЈА** ..... **43**

# ПРЕДГОВОР

Политичкото учество може да го гледаме како индикатор на демократската ангажираност, инклузивност и потенцијал за позитивни промени, иако врз него влијаат комплексни фактори. За жал истражувањата укажуваат дека младите во Северна Македонија не се општествено активни (8 од 10 млади се сметаат себе си за неактивни), а три четвртини не биле вклучени или консултирани од институции при носењето одлуки.

Она што е позитивен сигнал за нашата демократија, е дека 9 од 10 млади луѓе секогаш или понекогаш гласаат на избори. Исто така, дури 78 % од младите не сметаат дека политиката е работа само на политичарите.

Во репрезентативна демократија, учеството на различните групи граѓани е важно за да бидат застапени различните перспективи, искуства и приоритети во одлуките на институциите. Затоа е неопходно младите да бидат дел од политичките процеси и да имаат своја улога во нив.[1]

Со оваа анализа се разгледува застапеноста на младите на кандидатските листи на изборите, како и политиките посветени на младите во рамки на програмите на политичките партии на парламентарните избори во 2024 година. Ова е трета анализа од ваков вид, по претходните „Младинско политичко отсуство: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020“ и „Одложено младинско учество: Анализа за позицијата на младите на локалните избори 2021“.

Со оваа анализа обезбедуваме податоци:

- Дали и на кои позиции се наоѓаат младите на кандидатските листи на политичките партии?
- Колку се застапени политиките за млади во изборните програми на политичките субјекти?
- Кои се политиките кои политичките партии ги предвидуваат за младите?

Ова истражување, анализата за кандидатите на изборите ја базира на податоците од платформата за преглед на кандидатски листи на Државната изборна комисија[2]. Оваа платформа изработена во рамките на Програмата за поддршка на изборите, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), повеќе изборни циклуси обезбедува транспарентност на податоците на кандидатите на изборите и можности за анализа, за што искажуваме благодарност.

Заслужна за изработката на оваа анализа е авторката Марија Топузовска Латковиќ. Благодарност до Јована Ѓорѓиовска и Мартин Галевски кои како дел од авторите на претходните анализи, ги споделија своите искуства и совети при осмислувањето на анализата.

Особена благодарност изразуваме до Британската Амбасада во Скопје, без чија поддршка и посветеност на младинското учество немаше да биде возможен овој продукт.

Се надеваме дека овој труд ќе понуди корисни информации за застапеноста на младите како кандидати и политиките кои партиите ги предлагаат и застапуваат. Само преку учество на младите во политичките процеси, нивните перспективи, искуства и проблеми, може да бидат дел од политичките одлуки и процеси.

Дона Костуранова,

Директорка во земјата за
Фондација за демократија на Вестминстер
Канцеларија во Северна Македонија

1 Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија, Студија 2023 https://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

2 https://candidatelist.sec.mk/

# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА

Истражувачките цели на Студијата се водени од претпоставките и очекувањата дека младите како членови на парламентот во поголема мера и директно ќе можат да иницираат и застапуваат политики за младите, како и да влијаат врз нив.

Во минатото, некои автори[3] политичко учество го сведувале единствено на интересот за гласање. Попрецизна дефиниција на терминот е развиена во подоцнежните години и вклучува акции или активности насочени кон влијание врз политичките политики или исходи[4]. Во однос на младинската политичка партиципација, научната литература најчесто ја поистоветува со општата политичка партиципација, но укажува на помал интерес на младите да се вклучат во изборниот процес, споредбено со другите возрасни групи, наспроти поголемиот интерес за учество во неконвенционалните форми на политички активизам[5].

Потребно е да се има предвид, дека вообичаено возраста на демократијата има клучно влијание врз вклученоста на младите во политиката, бидејќи нивото на политичко учество е значително пониско во новоформираните демократии во споредба со напредните демократии[6].

Сепак, огромниот број на млади во Република Северна Македонија кои се изјаснуваат како редовни гласачи (околу 80%) е своевиден куриозитет во споредба со процентите на излезност на младите во повеќето земји од Западен Балкан и земјите од ЕУ каде ваквиот афинитет кај младите драстично опаѓа[7].

Во научната литература постојат дебати кои укажуваат на одредено влијание на генерациските разлики во работата на парламентот. Кога станува збор за политики, различни возрасни групи може да имаат спротивставени ставови за политичките прашања поврзани со приоритетите за буџетирање[8], на пример припадниците на групата со средна возраст може да се залагаат за пониски даноци, додека припадниците на помладата група може да се залагаат за поголеми трошоци за образование.

Исто така, интересно е да се спомене дека при избори, кандидат со две карактеристики кои го прават дел од „надворешната" група може да привлече повеќе поддршка од гласачите отколку кандидат со само една таква карактеристика. Затоа, номинирањето на кандидатка која воедно е и млада и жена би можело да биде предност, наместо двојна бариера[9]. Овие очекувања се тестираат на податоци за сите членови на Европскиот парламент уште од 1979 година. Не само што е утврдено дека присуството на жени се зголемува постојано низ историјата на парламентот, туку и дека застапеноста на жените е постојано највисока меѓу групата на млади претставници, пониска меѓу претставниците на средна возраст и најниска меѓу постарите претставници.

---

3 Lazarsfeld, P. F., Berelson, B., & Gaudet, H. (1968). *The people's choice: How the voter makes up his mind in a presidential campaign. Columbia University Press.*

4 Teorell, J., M. Torcal, and J. R. Montero. 2007. "Political Participation: Mapping the Terrain." In Citizenship and Involvement in European Democracies: A Comparative Analysis, edited by J. W. van Deth, J. R. Montero, and A. Westholm, 334–357. New York: Routledge.

5 Bárta, O., Boldt, Г., Lavizzari, A. (2021) Meaningful youth political participation in Europe: concepts, patterns and policy implications research study. Council of Europe and European Commission

6 Kitanova, M. (2020). Youth political participation in the EU: evidence from a cross-national analysis. *Journal of Youth Studies, 23(7), 819–836.*

7 Галевски, М., Ивановиќ, И., & Јетковиќ Јанева, Ј. (2022). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место. Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на WFD Let vo mesto Socio politicko ucestvo na mladi ZA WEB.pdf

8 Stockemer, D., Gallant, K., Lewis, S., Deom, J. C., & Lam, C. (2023). Youth's low presence in parliament: the perspective of candidates and elected representatives. *Politics, Groups, and Identities, 1–21.*

9 Stockemer, D., & Sundström, A. (2019). Do young female candidates face double barriers or an outgroup advantage? The case of the European Parliament. *European Journal of Political Research, 58(1), 373–384.*

# НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

Законот за младинско учество и младински политики[10] го регулира учеството на младите во јавниот живот и различните аспекти на младинските политики. Законот овозможува преку правни рамки и механизми за поддршка на младите, тие да учествуваат во демократскиот процес и да се вклучат во различните области на општествениот и економскиот развој. Според овој закон „млади“ се лица од 15 до 29 годишна возраст.

По податоците од последниот попис од 2021 година, во Република Северна Македонија живеат вкупно 326.733 млади лица[11] или 17,8% од вкупно 1.836.713 резидентно население.

Покрај Законот за младинско учество и младински политики, значајно е да се спомене Националната стратегија за млади 2023–2027[12], како стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочните цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите во Република Северна Македонија. Националната стратегија за млади 2023–2027 опфаќа осум клучни тематски области: 1. Младинско учество; 2. Младинско информирање; 3. Младинска работа; 4. Образование; 5. Култура; 6. Здравје; 7. Претприемништво и поддршка пред вработување и 8. Безбедност (насилство). Дефинираните цели произлегуваат од спроведеното емпириско истражување за младинските трендови[13] и одржаните состаноци на работните групи за секоја од областите. Агенцијата за млади и спорт е главниот носител на процесот за изработка на стратегијата. Процесот е сличен како и во 2016 година, кога беше изработена претходната Стратегија за млади 2016–2023[14], со тоа што постојат одредени разлики во тематските блокови[15] и соодветно во индикаторите за евалуација и мониторинг.

Република Северна Македонија е првата земја од Западен Балкан која започна со спроведување на мерката Гаранција за млади во 2018 година, најпрво како пилот-проект во неколку општини, а од 2020 година започна да се спроведува низ целата територија, преку Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија[16]. Мерката Гаранција за млади им овозможува на младите лица до 29 годишна возраст, кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, да го продолжат своето образование или да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување, во период од 4 месеци по нивното евидентирање како невработени лица во Агенцијата за вработување.

Во 2022 година е спроведено статистичко мапирање на млади НЕЕТ луѓе[17], за периодот 2016–2021 година. Наодите во врска со веројатноста некое лице да стане НЕЕТ упатуваат на полот, завршеното образование и географската локација како клучни фактори. Во 2022 година процентот на НЕЕТ млади (на возраст од 15–29 години) изнесувал 22,8%[18].

Се забележува определен напредок со состојбите поврзани со младинската невработеност во земјата, при што во 2023 година стапката на невработеност кај младата популација изнесувала 25,4%, со општа стапка на невработеност 13%[19].

Фондацијата за демократија на Вестминстер, Република Северна Македонија во континуитет ја следи и анализира положбата на младите луѓе во македонскиот социо-економски и политички контекст, ги испитува и мери нивните ставови и мислења, со цел да се идентификуваат клучните проблеми и бариери, но и можности и перспективи со кои тие се соочуваат.

10 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 10/година LXXVI (2020) Закон за младинско учество и младински политики, достапно на Службен весник на РМ (slvesnik.com.mk)

11 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, по општини, Попис 2021. PxWeb (stat.gov.mk)

12 НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023–2027, достапно на https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf

13 Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија (2022) Истражување на младинските трендови, достапно на https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/istrazhuvane-ams-2022.pdf

14 НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2016–2023 NSMK.pdf (segaorg.mk)

15 Во Стратегијата 2023-2027 се воведени како тематски области безбедност (насилство) и претприемништво, а се иземени областите квалитет на живот и спорт од Стратегијата 2016-2023.

16 Гаранција за млади (av.gov.mk)

17 ILO (2022) Млади луѓе што не се вработени и не се вклучени во образование или обука (НЕЕТ): Мапирање и совети за политиките, достапно на MKD_NEET-Mapping-and-Policy-Proposals.pdf (socijalendijalog.mk)

18 Stojceska, B., Dukovska, B., Topuzovska Latkovikj, M. et all (2024) Position of the NEET Youth in North Macedonia: Control study Control-study-_N.MACEDONIA.pdf - Google Drive

19 Годишни извештаи (av.gov.mk)

Од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер за првпат е спроведена студија за позицијата на младите на парламентарните избори во 2020 година[20], што претставува своевидна базична студија (baseline) и можност за компаративни анализи во продолжение на текстот, поради употребата на унифицирана истражувачка методологија.

Податоците од претходните студии укажуваат на одредено незадоволство кај младите, односно „повеќе од една третина од младите се целосно или прилично задоволни со своето место во општеството додека 6 од 10 млади луѓе се делумно или целосно незадоволни од своето место во општеството"[21], а според истата студија „13% од младите луѓе во земјата сметаат дека властите целосно или прилично се грижат за нив и нивните проблеми, додека 8 од 10 млади луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се грижат за нив и нивните потреби".

На овие податоци се надоврзуваат најновите податоци од Студијата за млади[22], според кои кумулативно дури 64,6% од младите сметаат дека интересите на младите луѓе не се претставени во политиката (при што останатите 25,9% одговориле дека делумно се претставени, 7,7% дека се добро претставени, а само 1,8% дека многу добро се претставени). Во истото истражување младите ја оцениле нивната доверба во Собранието со ниска средна вредност m=2,26, на скала од 1 до 5.

Во Студијата за млади од 2018/2019 година[23], повеќе од половина или 61% од младите одговориле дека политичарите не се грижат за нивното мислење. На прашањето дали би прифатиле политичка функција, најголем број од младите одговориле со можеби (36,4%), додека 12% одговориле дека со задоволство би прифатиле ваква функција. Сепак, кумулативно 50% одговориле негативно.

Слабото младинско политичко учество е потврдено и со регионалните студии кои го мерат Младинскиот индекс за (политичко, економско и социјално) учество[24], според кои младите луѓе се една од најмалку претставените групи во парламентот или поконкретно, процентот на млади (на возраст до 29 години) како членови на парламентот бил 1,7% во 2022 година, 1,6% во 2021 година и 3,3% во 2020 година, без ниту еден млад министер (како ни заменик-министер) во Владата, во периодот на мониторинг.

Битно е да се спомене дека во 2017 година е основан Клубот за младински прашања и политики при Собранието, по примерот на Европскиот парламент и останатите западноевропски парламенти, кој продолжи да работи и да се развива и во следниот мандат 2020–2024 година, поради големиот број на активности. Клубот е неформално тело, составено од млади пратеници на возраст до 35 години и пратеници кои имаат интерес за младински прашања и политики, членови на сите парламентарни партии, чијашто цел е остварување на интересите на младите во земјата, во соработка со младинските организации, неформалните младински групи и партиските подмладоци. Целта на Клубот е да придонесуваат и да ги застапуваат младинските прашања и интереси во Собранието.

---

20 Галевски, М., Ѓорѓиовска, Ј. (2020) МЛАДИНСКО ПОЛИТИЧКО ОТСУСТВО: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020. Издавач: Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија Youth Political Absence - MK - web.pdf (wfd.org)

21 Незири, Д., Костуранова, Д., Галевски, М. Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место (2021), Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија WFD Let vo mesto Socio politicko ucestvo na mladi ZA WEB.pdf

22 Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Наумовска, Б., Старова, Н. (2024) Студија за младите во Република Северна Македонија. Фридрих Еберт Фондација – канцеларија во Скопје (во печат)

23 Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска, Е., Цекиќ, А., Старова, Н. (2019) Студија за младите во Република Северна Македонија. Фридрих Еберт Фондација – канцеларија во Скопје https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf

24 Sherifaj, E., Stojceska, B., Topuzovska Latkovikj, M., Dukovska, B., Gligorović, A., Vukadinović, K., Oy, B. (2023) YOUTH PARTICIPATION INDEX MONITORING REPORT OF POLITICAL, SOCIAL AND ECONOMIC PARTICIPATION OF YOUTH 2022. SERBIA, ALBANIA, MONTENEGRO, NORTH MACEDONIA, TURKEY. Publisher: Foundation Ana and Vlade Divac, Belgrade

## Парламентарни избори 2024

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 14 февруари 2024 година, донесе Решение за распишување избори за пратеници, со датум на одржување 8 мај 2024 година. Листите на кандидати можеа да се доставаат најдоцна на 2 април (35 дена пред денот на одржување на изборите). Изборната кампања започна на 18 април и траеше до 6 мај.

Клучна терминологија поврзана со парламентарните избори, којашто се користи во истражувањето, согласно со дефинициите од Изборниот законик[25]:

- **„Подносител на листа“** се регистрираните политички партии или нивни коалиции регистрирани во Државната изборна комисија, група избирачи и пратеници;
- **„Кандидат“** е државјанин на Република Северна Македонија утврден од надлежната изборна комисија во согласност со овој законик, за кој ќе се гласа на избори;
- **„Коалиција“** е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори;
- **„Изборна кампања“** е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори;
- **„Изборен процес“** е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, Градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот.

Според Изборниот законик, кандидат за пратеник може да биде секој државјанин на Република Северна Македонија што наполнил 18 години и има деловна способност, а притоа не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие извршување не е започнато и не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

Територијата на Република Северна Македонија е поделена на шест изборни единици (ИЕ) утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници.

По прегледот на поднесените кандидатски листи, Државната изборна комисија (ДИК) донесе **решенија за отфрлени листи[26] на подносители на листи на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година**, за следните политички субјекти и изборни единици: ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА - за ИЕ6, Политичка партија НОВА АЛТЕРНАТИВА Скопје - за ИЕ5 и ИЕ6, Политичка партија ДЕСНА - за ИЕ5 и ИЕ6, РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА - за ИЕ2, ИЕ3, ИЕ4 и ИЕ6.

Според официјалните податоци на ДИК, на парламентарните избори учествуваа вкупно n=17 политички субјекти (политички партии и коалиции).

Од нив, 58,8% или n=10 имаа потврдени кандидатски листи во сите шест изборни единици.

Најголем број на кандидатски листи (n=15) имаше во изборните единици: ИЕ1, ИЕ3 и ИЕ4. Најголем број на кандидати (n=120) имаа следниве девет политички субјекти: Движење ЗНАМ - За Наша Македонија, Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“, Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“, Коалиција ВЛЕН, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА, Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА, Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје, Политичка партија Левица, Политичка партија РОДИНА МАКЕДОНИЈА.

Детален преглед на потврдените кандидатски листи според политички субјекти, број на кандидати и изборни единици е даден во табелите во продолжение.

25 „Службен весник на Република Северна Македонија“, редакциски пречистени текстови (2024) ИЗБОРЕН ЗАКОНИК, достапно на ИЗБОРЕН ЗАКОНИК - Пречистен текст (Сл.Весник - март 2024 година).pdf - Google Drive

26 Известување за решенија за потврдени и отфрлени листи на подносители на листи на кандидати за пратеници за парламентарните избори 2024 година - Државна Изборна Комисија (sec.mk)

**Слика 1. Изборни единици во Република Северна Македонија - мапа**



**Табела 1.** Преглед на политички субјекти што учествуваа на парламентарните избори во 2024 година со процент и број на кандидати

| Политички субјекти | Вклучени партии и поединци | % од вкупен број кандидати | Број на кандидати |
|---|---|---|---|
| АВАЈА - ДОСТА Е! | | 4.8 | 80 |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЏУЛА ЧЕЛИКУ | | 1.2 | 20 |
| Движење ЗНАМ - За Наша Македонија | | 7.2 | 120 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | | 6 | 100 |
| Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ | Демократската унија за интеграција (ДУИ), ДПА, Европска демократска партија и Народно движење. | 7.2 | 120 |
| Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ | ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт - МКонцепт. | 7.2 | 120 |
| Коалиција ВЛЕН | Движење Беса, Алтернатива, Алијанса за Албанците и Демократско Движење | 7.2 | 120 |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | Социјалдемократски сојуз на Македонија-СДСМ, Либерално демократска партија - ЛПД, Нова социјалдемократска партија - НСДП, ВМРО Народна партија - ВМРО-НП, Партија за движење на Турците-ПДТ, Демократски сојуз на Власите-ДСВМ, Сојуз на Ромите од Македонија, Странка на демократска акција на Македонија, Демократска обнова на Македонија-ДОМ, Десница, Партија на пензионерите-ПП, Партија за демократски просперитет на Ромите, Партија за општествен и економски напредок - ПОЕН, Српска Странка во Македонија-ССМ | 7.2 | 120 |
| Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | ГРАЃАНСКА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА- ГРОМ, ИНТЕГРА - МАКЕДОНСКА КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА - ИНТЕГРА, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ПЦЕР од РСМ | 7.2 | 120 |
| Македонска Ера Трета / Македонски Независни Листи – Суверенисти | | 7.1 | 119 |
| Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје | | 7.2 | 120 |
| Политичка партија ДЕСНА | | 4.7 | 79 |
| Политичка партија Левица | | 7.2 | 120 |
| Политичка партија НОВА АЛТЕРНАТИВА Скопје | | 4.8 | 80 |
| Политичка партија РОДИНА МАКЕДОНИЈА | | 7.2 | 120 |
| Работничка партија | | 2.4 | 40 |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | | 4.7 | 79 |

**Табела 2.** Преглед на поднесени кандидатски листи за парламентарните избори во 2024 година

| ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ | ИЕ1 | ИЕ2 | ИЕ3 | ИЕ4 | ИЕ5 | ИЕ6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АВАЈА - ДОСТА Е! | | | ■ | ■ | ■ | ■ | 4 |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЏУЛА ЧЕЛИКУ | | | | | | ■ | 1 |
| Движење ЗНАМ - За Наша Македонија | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | | 5 |
| Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Коалиција ВЛЕН | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Македонска Ера Трета / Македонски Независни Листи – Суверенисти | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Политичка партија ДЕСНА | ■ | ■ | ■ | ■ | | | 4 |
| Политичка партија Левица | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Политичка партија НОВА АЛТЕРНАТИВА Скопје | ■ | ■ | ■ | ■ | | | 4 |
| Политичка партија РОДИНА МАКЕДОНИЈА | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | 6 |
| Работничка партија | ■ | | | | ■ | | 2 |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | ■ | ■ | ■ | ■ | | | 4 |
| **Вкупно** | **15** | **14** | **15** | **15** | **13** | **12** | |

# ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

За студијата е применет комбиниран истражувачки пристап при што се употребени квантитативни и квалитативни истражувачки методи и техники, согласно со методологијата развиена од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер.

Студијата започнува со краток преглед на научна и стручна литература за темата, како и опис на националниот контекст, преку анализа на секундарни податоци и анализа на содржина на национална документација.

За првиот дел, **АНАЛИЗА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА МЛАДИТЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ И ВО СОБРАНИСКИОТ СОСТАВ**, анализата е квантитативна, при што единица на анализа се младите - како кандидати на избирачките листи на политичките субјекти (политички партии и коалиции) на парламентарните избори во 2024 година во Република Северна Македонија, нивното позиционирање во однос на другите кандидати и како дел од новиот парламентарен состав по завршувањето на изборниот процес и непосредно по формирањето на новата Влада. Покрај основата дескриптивна анализа за испитување, мерење и опишување на генералната застапеност и позиционирањето на младите, како специфична суб-популација од вкупната популација на кандидати, беа применети и други соодветни статистички постапки кои ги анализираа разликите според возрасни групи, пол и други карактеристики, со цел да се добие поширока слика за состојбите

За детерминирање на младата популација во студијата, се поаѓа од две дефиниции. Првата дефиниција е преземена од националната легислатива, односно од Законот за младинско учество и младински политики[27], согласно со која „млади“ се лица на возраст од 15 до 29 години, но, бидејќи станува збор за специфични социо-политички статус и професионална определба (кандидат за пратеник/член на парламент)[28], усвоена е и втора дефиниција, согласно со која горната граница за релативната „младост“ на кандидатите за пратеници е 39 години. Поради тоа, резултатите во студијата се прикажани во однос на двете прифатени дефиниции за младите (преку возрасните групи: 18–29, 30–39 и кумулативно 18–39).

За прибирање на податоците за кандидатите на избирачките листи на политичките субјекти на парламентарните избори во 2024 година е користена официјална база[29] на податоци на Државната изборна комисија (ДИК), со потврдени кандидатски листи. Како cut-off термин на која е преземена базата, се смета денот на започнување на изборната кампања на 18 април 2024 година.

За описот и анализата на парламентарните состави пред и по формирање на Владата, се преземени официјални списоци од веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија[30].

Податоците понатаму се експортирани и (ре)кодирани во три засебни SPSS бази, кои овозможуваат дополнителни и напредни статистички пресметки од страна на авторот/консултантот, како и групирање на варијабли од истражувачки интерес (објаснето во табелата во продолжение).

Како истражувачка лимитација во квантитативниот дел од студијата може да се наведе дека базата на ДИК не содржи податоци за останати социо-демографски податоци за кандидатите како степен на образование, етничка припадност, работен статус, датум на раѓање и сл.

Дополнително, беше направена и компаративна квантитативна анализа, на парламентарните состави пред и по формирање на Владата, за мандатните периоди: 2014–2016, 2016–2020, 2020–2024 и 2024–2028 година.

27 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 10/година LXXVI (2020) Закон за младинско учество и младински политики, достапно на Службен весник на РМ (slvesnik.com.mk)

28 Sundström A, Stockemer D. Conceptualizing, Measuring, and Explaining Youths' Relative Absence in Legislatures. *PS: Political Science & Politics.* 2021;54(2):195-201. doi:10.1017/S1049096520000906

29 https://candidatelist.sec.mk/CandidateList

30 Собрание на Република Северна Македонија - Пратеници (sobranie.mk)

**Табела 3.** Истражувачки варијабли

| Варијабла | Извор на податоци | Дополнителни информации |
|---|---|---|
| Возраст на Кандидатите | Официјални податоци на ДИК | |
| Возрасна група на која припаѓаат кандидатите | Изведени од авторот, според податоците од ДИК | Поделбата на возрасни групи е направена по декади: 18-29, 30-39, 40-49, 50-59, 60-69, 70-79 и над 80 години. |
| Пол на кандидатите | Официјални податоци на ДИК | |
| Општина на живеење по ЛК | Официјални податоци на ДИК | |
| Изборна единица во која се кандидираат | Официјални податоци на ДИК | |
| Политички субјект кој ги кандидира | Официјални податоци на ДИК | |
| Место на кандидатска листа | Официјални податоци на ДИК | |
| Ниво на позиционирање на кандидатска листа | Изведени од авторот, според податоците од ДИК | Изведени се четири нивоа, секое со по пет последователни ранг места: 1–5, 6–10, 11–15 и 16-20. |

За вториот дел, **АНАЛИЗА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА МЛАДИНСКИТЕ ПРАШАЊА ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ И ПРОГРАМАТА НА ВЛАДАТА** е спроведена анализа на содржина на програмите на политичките субјекти и програмата на Владата, со цел на квалитативно ниво да се испита дали и како младите луѓе во земјата се опфатени со изборните програми и да се опише за каков вид на младински политики се заложуваат политичките субјекти во текот на изборниот процес.

Според Законот за младинско учество и младински политики[31] „младинска политика" е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал; додека пак, „младинско учество" претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

Изборните програми беа преземени во word или pdf формат, од веб-страниците на политичките субјекти, преку онлајн платформата 'Одговорна Влада'[32], како и со поднесување на барање на официјалните е-мејл адреси или онлајн гласила на политичките субјекти.

Иако првичната и основна цел на Студијата беше да се анализираат изборните програми на сите (n=17) политички субјекти кои учествуваа на парламентарните избори, сепак јавно објавени и/или достапни беа n=8 програми.

Оваа ситуација претставува значајна истражувачка лимитација, но истовремено и битна истражувачка импликација за ставот и односот на политичките субјекти кон сопствените изборни програми, како клучни документи во предизборната кампања и изборниот процес во целост, од кои се очекува да ги комуницираат основните планови, заложби и визии до граѓаните, како и да влијаат врз привлекувањето на потенцијалните гласачи и задржувањето на политичките приврзаници и следбеници.

Процесот на анализа на содржина се состоеше од неколку чекори. За пребарувањето во документите се користеа следниве клучни зборови во изборните програми: млади (со варијацијата: младите); младински (со варијациите: младинска, младинските, младинската, младинското); студенти (со варијацијата: студентите); студентски (со варијациите: студентските, студентскиот, студентското). Понатаму беше анализиран контекстот во кој се употребени детектираните клучни зборови, со цел да се утврдат клучните области на предвидените политики и мерки за младите, за секоја од програмите. Иако за овој дел е употребена квалитативна анализа, сепак дел од податоците беа квантифицирани, за да се приоретизираат и/или категоризираат одредени истражувачки сознанија, како и за да се обезбеди поголема непристрасност во интерпретацијата на резултатите.

Поради различниот формат на документите и спецификите на македонскиот јазик и кириличната поддршка во Microsoft Office, не беше употребен софтвер за квалитативна анализа.

За подетално илустрирање на одредени истражувачки сознанија, во текстот се претставени извадоци од изборните програми, во вид на цитати. Одредени податоци се претставени табеларно или сликовито, со текстуална интерпретација.

31 „Службен весник на Република Северна Македонија" број 10/20) Закон за младинско учество и младински политики, достапно на Службен весник на РМ (slvesnik.com.mk)

32 Одговорна Влада (odgovornavlada.mk)

# АНАЛИЗА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА МЛАДИТЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ И ВО СОБРАНИСКИОТ СОСТАВ

## Опис на примерокот на кандидати за пратеници

Согласно со потврдените листи на ДИК, на изборите учествувале вкупно n=1677 потврдени кандидати, претставници на вкупно 17 политички субјекти (политички партии и коалиции), распоредени во шест изборни единици. **Просечната возраст на сите кандидати е м=46,52 години** (SD=+/- 14,99 во опсег од 18 до 90 години). **Според полот, 57,2% (n=960) од кандидатите се од машки пол, а 42,8% (n=717) од женски пол.** Просечната возраст на мажите-кандидати за пратеници е м=47,21 години (SD=+/- 14,66 во опсег од 18 до 90 години), додека пак, просечната возраст на жените-кандидатки за пратенички е м=45,59 (SD=+/- 15,38 во опсег од 18 до 90 години).

**Младите кандидати (18–29 год.) сочинуваат 14,6% од вкупниот број на кандидати. Проширената возрасна категорија на млади кандидати за пратеници (18–39 год.) кумулативно изнесува 35,5%**. Евидентиран е забележителен пад во однос на застапеноста на млади кандидати на парламентарните избори во 2020 година, со проценти кои изнесувале 19,17% и 44,94%, последователно, за возрасните групи 18–29 и 18–39[33]. Од графиконот може да се забележи дека најголем процент на кандидати за пратеници содржи возрасната категорија 40–49 год. со 22,50%, а потоа возрасните групи 30–39 и 50–59, кои имаат по идентичен процент од 20,9%.

**Графикон 1. Процентуална дистрибуција на кандидати за пратеници според возрасни групи**




Проверката на дистрибуцијата на кандидати според пол и возрасна група, укажува дека **кандидатите за пратеници од машки пол се доминантни во сите возрасни групи - освен во најмладата возрасна група (18–29 год.)**, каде бројот на жени-кандидатки е n=125, наспроти n=120 мажи-кандидати. Овој наод се повторува како и во анализата на парламентарните избори во 2020 година.

33 Ѓорѓиовска, J., & Галевски, М. (2021). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на Socio-Politicko Ucestvo na mladite 2021 MK [smlweb] (1).pdf (wfd.org)

**Графикон 2. Полова споредба на дистрибуцијата на кандидатите според возрасни групи (n)**




Во однос на половата распределба на кандидатите во изборните единици, може да се констатира дека **во сите шест изборни единици бројот на мажи-кандидати за пратеници е значително поголем од бројот на жени-кандидатки**. Најмногу кандидатки има во третата изборна единица (n=126) и веднаш потоа со по идентичен број (n=125), во првата и четвртата изборна единица. Додека пак, најмалку кандидатки за пратеници има во шестата изборна единица (n=110).

**Графикон 3. Полова распределба на кандидати за пратеници според изборни единици (n)**




Анализата на политичките субјекти, според возрасните групи на кои припаѓаат кандидатите од нивните листи, укажува дека **значително најмногу млади кандидати има АВАЈА - ДОСТА Е! (43,8% од 18–29 и 27,5% од 30–39, кумулативно 71,3%), на второ место Коалиција ВЛЕН (25,8% од 18–29 и 33,3% од 30–39, кумулативно 59,1%), на трето место се Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ (20,8% од 18–29 и 35,8% од 30–39, кумулативно 56,6%) и КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА (25% од 18–29 и 26,7% од 30–39, кумулативно 51,7%), на четврто место е Политичка партија Левица (16,7% од 18–29 и 33,3% од 30–39, кумулативно 50%).**

**Сите останати политички субјекти (n=12) имаат помалку од 50% млади (18–39 год.) на кандидатските листи, а најмал процент на млади кандидати има ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА (2% од 18–29 и 5% од 30–39, кумулативно 7%) и Работничка партија (2,5% од 18–29 и 5% од 30–39, кумулативно 7,5%).**

ТВОЈА ПАРТИЈА има, исто така, 2,5% млади од возрасната група 18–29, но, и 15,2% кои припаѓаат на возрасната група 30–39, односно кумулативно 17,7%.

Детални податоци за сите политички субјекти одделно се прикажани во табелата во продолжение.

**Табела 4.** Преглед на дистрибуција на кандидати за пратеници според возрасни групи за секој политички субјект

| Политички субјект | 18–29 | 30–39 | 40–49 | 50–59 | 60–69 | 70–79 | над 80 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АВАЈА - ДОСТА Е! | 35 (43.8%) | 22 (27.5%) | 17 (21.2%) | 2 (2.5%) | 4 (5%) | 0 | 0 |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЏУЛА ЧЕЛИКУ | 4 (20%) | 2 (10%) | 5 (25%) | 7 (35%) | 2 (10%) | 0 | 0 |
| Движење ЗНАМ - За Наша Македонија | 14 (11.7%) | 36 (30%) | 28 (23.3%) | 32 (26.7%) | 10 (8.3%) | 0 | 0 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 2 (2%) | 5 (5%) | 6 (6%) | 27 (27%) | 33 (33%) | 22 (22%) | 5 (5%) |
| Коалиција “ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ | 25 (20.8%) | 43 (35.8%) | 30 (25%) | 17 (14.2%) | 5 (4.2%) | 0 | 0 |
| Коалиција “ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ | 12 (10%) | 31 (25.8%) | 49 (40.8%) | 21 (17.5%) | 6 (5%) | 1 (0.8%) | 0 |
| Коалиција ВЛЕН | 31 (25.8%) | 40 (33.3%) | 32 (26.7%) | 14 (11.7%) | 3 (2.5%) | 0 | 0 |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 30 (25%) | 32 (26.7%) | 32 (26.7%) | 22 (18.3%) | 3 (2.5%) | 1 (0.8%) | 0 |
| Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | 14 (11,7%) | 15 (12,5%) | 26 (21.7%) | 35 (29.2%) | 25 (20.8%) | 4 (3.3%) | 1 (0.8%) |
| Македонска Ера Трета / Македонски Независни Листи - Суверенисти | 9 (7,6%) | 14 (11,8%) | 27 (22.7%) | 39 (32.8%) | 22 (18.5%) | 4 (3.4%) | 4 (3.4%) |
| Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје | 16 (13.3%) | 9 (7.5%) | 16 (13.3%) | 28 (23.3%) | 34 (28.3%) | 16 (13.3%) | 1 (0.8%) |
| Политичка партија ДЕСНА | 6 (7.6%) | 5 (6.3%) | 12 (15.2%) | 28 (35.4%) | 19 (24.1%) | 8 (10.1%) | 1 (1.3%) |
| Политичка партија Левица | 20 (16.7%) | 40 (33.3%) | 40 (33.3%) | 19 (15.8%) | 1 (0.8%) | 0 | 0 |
| Политичка партија НОВА АЛТЕРНАТИВА Скопје | 10 (12.5%) | 18 (22.5%) | 21 (26.2%) | 7 (8.8%) | 11 (13.8%) | 12 (15%) | 1 (1.2%) |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА | 14 (11.7%) | 25 (20.8%) | 22 (18.3%) | 20 (16.7%) | 24 (20%) | 12 (10%) | 3 (2.5%) |
| Работничка партија | 1 (2.5%) | 2 (5%) | 4 (10%) | 12 (30%) | 6 (15%) | 14 (35%) | 1 (2.5%) |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | 2 (2.5%) | 12 (15.2%) | 10 (12.7%) | 21 (26.6%) | 29 (36.7%) | 4 (5.1%) | 1 (1.3%) |

**Во однос на половата застапеност на кандидатите, генерален впечаток е дека се побројни мажите-кандидати за пратеници, отколку жените-кандидатки, кај сите политички субјекти кои настапуваат на парламентарните избори.**

**Најголем процент на жени-кандидатки за пратеници има КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА (49,2%) или скоро половина од вкупниот број на кандидати.**

Четири од вкупно 17 политички субјекти (АВАЈА - ДОСТА Е!; Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“; Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје и Политичка партија Левица) предложиле точно 40% кандидатки, со што ја исполнуваат минималната родова квота, дефинирана со Изборниот законик.

Политичката партија ДЕСНА по потврдувањето на листите има 35,4% жени-кандидатки, односно помалку од минималната родова квота.

Процентот на жени-кандидатки кај останатите политички субјекти варира од 41% до 45%.

**Графикон 4. Полова рапределба на кандидатите за секој политички субјект (n)**



## Однос меѓу основните демографски варијабли и редното место на кандидатските листи

Регистрирана е слаба, но статистички значајна негативна корелација меѓу варијаблите ‘возраст’ и ‘редно место’ на кандидатска листа (r=−0,068; p<0,01). Тоа значи дека како што расте едната варијабла, другата благо опаѓа. Па така, повозрасните кандидати се рангирани повисоко на листите и обратно, помладите кандидати се рангирани пониско.

**Графикон 5. Корелациска матрица**

| | | Реден број на листа | Возраст |
|---|---|---|---|
| **Реден број на листа** | Пирсонова корелација | 1 | -.068** |
| | Значајност (двонасочно) | | .006 |
| | N | 1677 | 1677 |
| **Возраст** | Пирсонова корелација | -.068** | 1 |
| | Значајност (двонасочно) | .006 | |
| | N | 1677 | 1677 |

**. Корелацијата е значајна на ниво од 0.01 (двонасочно).

**На првото ниво на позиционирање на кандидатката листа (првите пет редни места на листите) доминираат кандидатите во возрасната група 40–49 год. (n=119), потоа во возрасните групи 50–59 (n=102) и 60–69 (n=75), додека пак, најмалку кај младите кандидати кои се предмет на анализа (за 18–29, n=34 и за 30–39, n=74)**, како и кај кандидатите на возраст над 80 години (n=2).

**Битно е да се истакне дека кај возрасната група на млади 18–29 год. најголем број од кандидатите (n=88) се позиционирани на последното - четврто ниво (од 16 до 20 редно место на листите)**, додека кај возрасната група на млади 30–39 год. кандидатите се приближно еднакво распределени на останатите нивоа, поконкретно на второ ниво n=93, на трето ниво n=94 и на четврто ниво n=90.

**Графикон 6. Дистрибуција на кандидати според возрасна група и редно место на листата (n)**



При анализата на половата распределба според возрасни групи и кандидатски места на листите, може да се забележи дека **на „добитничкото“ ниво (првите пет места на листите) најчесто се наоѓаат кандидати и кандидатки од возрасните групи 40–49 (мажи: 28,30%, жени: 28,50%) и 50–59 (мажи: 23,60%, жени: 25,70%).** На второто ниво (меѓу 6-то и 10-то место) најчесто се наоѓаат кандидати од возрасните групи 40–49 (26,70%) и 50–59 (25,70%) и кандидатки од возрасните групи 30–39 (23,90%) и 40–49 (20,20%).

Подетални информации за половата распределба според возрасни групи за секое од четирите нивоа на кандидатските листи се прикажани во графиконите во продолжение.

**Графикон 7. Полова распределба на кандидатите позиционирани на прво ниво (редно место 1–5) според возрасни групи**




**Графикон 8. Полова распределба на кандидатите позиционирани на второ ниво (редно место 6–10) според возрасни групи**



**Графикон 9. Полова распределба на кандидатите позиционирани на трето ниво (редно место 11–15) според возрасни групи**




**Графикон 10. Полова распределба на кандидатите позиционирани на четврто ниво (16–20) според возрасни групи**



## Опис на примерокот на избрани пратеници во конститутивниот состав на Собранието

На парламентарните избори 2024 година, пратенички мандати освоија кандидатите на шест политички субјекти. Преглед на бројот на мандати за секој политички субјект според изборните единици[34] е даден во графикон 11. Власта (составена од Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА", Коалицијата ВЛЕН и Движење ЗНАМ - За Наша Македонија) освои вкупно 78 мандати, а опозицијата (КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА, Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ", Политичка партија Левица) освои вкупно 42 мандати.

**Графикон 11. Преглед на бројот на пратенички мандати за секој политички субјект според изборните единици (n)**




Две третини од избраните пратеници или 66,7% се од машки пол (**n=80), а една третина или 33,3% од женски пол (n=40).** Просечната возраст на ниво на избрани пратеници е m=45,70 години (SD=+/- 8,82, опсег од 27 до 65 години). Младите кандидати (18–29 г.) опфаќаат само **1,7% од избраните пратеници (n=2),** додека пак, заедно со кандидатите до 39 годишна возраст кумулативно опфаќаат **23,4% (n=28) од вкупниот број на пратеници.**

Во продолжение е претставена дистрибуцијата на избрани пратеници според возрасни групи.

34 iVote ДЕМОКРА - Интегриран изборен информатички систем на Државна изборна комисија (sec.mk)

**Графикон 12. Дистрибуција на избрани пратеници според возрасни групи**




Во споредба со претходните три собраниски состави, може да се забележи дека нема значајни варијации во поглед на просечната возраст на пратениците (~45 г.), но, има разлики во однос на опсегот на возраста на пратениците и нивната застапеност во секоја од возрасните групи. Поконкретно, за собранискиот состав 2014–2016 година, просечна возраст е 45 години (со опсег меѓу 24 и 66 години); за собранискиот состав 2016–2020 година, просечна возраст е 45,9 години (со опсег меѓу 23 и 75 години); за собранискиот состав 2020–2024 година, просечна возраст е 44,92 години (со опсег меѓу 23 и 72 години); за собранискиот состав 2024–2028 година, просечна возраст е 45,70 години (со опсег меѓу 27 и 65 години).

Најголем дел од пратениците од последниот собраниски состав (n=55) се на возраст од 40 до 49 години, што претставува најголема застапеност на оваа возрасна група до сега. **Забележуваме помала застапеност на младите пратеници на возраст до 29 години, додека пак, најголемо намалување е евидентирано кај младите пратеници од возрасната група 30–39 години (за секој мандатен период последователно: n=34, n=33, n=34, n=26).**

Компаративниот преглед на дистрибуцијата на избраните пратеници според возрасни групи за сите четири мандати е даден во продолжение.

**Графикон 13. Дистрибуција на избрани пратеници според возрасни групи за собраниските состави во периодите 2014–2016, 2016–2020, 2020–2024 и 2024–2028 (n)**



## Опис на собранискиот состав непосредно по формирањето на Владата

Резултатите од овој дел се однесуваат на пратениците во составот на Собранието на Република Северна Македонија, непосредно по формирањето на Владата на Република Северна Македонија[35]. При тоа, важно е да се нагласи дека осуммина пратеници - членови на конститутивниот состав на Собранието по парламентарните избори во 2024 година преминаа на позиции во извршната власт, а на нивно место пратенички мандат добија кандидатите на последователните места на потврдените листи[36].

По ваквите измени на парламентарниот состав непосредно по формирањето на Владата, има одредени промени во демографските карактеристики на пратениците. **Споредбено со конститутивниот состав, по формирањето на Владата, во Собранието има пет повеќе пратенички, поконкретно, 62,5% (n=75) пратеници се од машки пол, а 37,5% (n=45) од женски пол**. Интересно сознание е дека ваквата полова распределба е идентична како и во парламентарниот состав за мандатниот период 2020–2024[37]. **Евидентирано е мало намалување (–0,30) на просечната возраст на пратениците од конститутивниот состав, додека опсегот на возраста останува ист, m=45,40 (SD=+/- 8,98, опсег од 27 до 65 години). Има зголемување (+3) на бројот на млади пратеници. Младите кандидати (18–29 г.) опфаќаат 2,5% од избраните пратеници (n=3), додека пак, заедно со кандидатите до 39 годишна возраст кумулативно опфаќаат една четвртина или 25,8% (n=31) од вкупниот број на пратеници**. Во графиконот во продолжение е претставена дистрибуцијата на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија (непосредно по формирањето на Владата) според возрасни групи.

**Графикон 14. Дистрибуција на пратеници (непосредно по формирањето на Владата) според возрасни групи**




Во споредба со претходните три собраниски состави, може да се забележи дека иако има мали отстапувања во поглед на просечната возраст на пратениците, истовремено има значајни поместувања во однос на опсегот на возраста на пратениците и нивната застапеност во секоја од возрасните групи.

Поконкретно, за собранискиот состав 2014–2016 година, просечната возраст изнесувала 45,02 години (со опсег меѓу 23 и 66 години); за собранискиот состав 2016–2020 година, просечна возраст е 46,10 години (со опсег меѓу 23 и 75 години); за собранискиот состав 2020–2024 година, просечна возраст е 44,82 години (со опсег меѓу 23 и 72 години); за собранискиот состав 2024–2028 година просечна возраст е 45,40 години (со опсег меѓу 27 и 65 години).

**Иако просечната возраст варира за само +/- 1,28 низ годините, опсегот на возраста е најмал до сега.**

35 Иако парламентарниот состав може да претрпи дополнителни измени, списокот со официјалните податоци за составот на пратеници непосредно по формирање на Владата, беше преземен од веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија на 2 јули 2024 година Собрание на Република Северна Македонија - Пратеници (sobranie.mk).

36 Пратеници стануваат Драган Недељковиќ, Велика Стојкова Серафимовска, Сергеј Попов, Емилија Ангелова, Весна Ѓорѓиева и Дијана Илиевска од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Фериде Хаџиу и Каљтрина Хаџиу од коалицијата Влен. Тие доаѓаат на местата на Христијан Мицкоски (претседател на Владата) и на министрите Гордана Димитриеска Кочоска, Љупчо Димоски, Изет Меџити, Владо Мисајловски, Иван Стоиљковиќ, Александар Николоски и Фатмир Лимани.

37 Галевски, М., Ѓорѓиовска, Ј. (2020) МЛАДИНСКО ПОЛИТИЧКО ОТСУСТВО: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020. Издавач: Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на Youth Political Absence - MK - web.pdf (wfd.org)

Најголем дел од пратениците од последниот собраниски состав (n=51) се на возраст од 40 до 49 години, што претставува најголема застапеност на оваа возрасна група до сега (иако овој тренд расте во континуитет). Забележуваме помала застапеност на младите пратеници на возраст до 29 години, додека пак, **најголемо намалување е евидентирано кај младите пратеници од возрасната група 30–39 години (за секој мандатен период последователно: n=34, n=33, n=35, n=28). За споредба, во претходниот парламентарен состав 2020–2024 г. младите до 39 годишна возраст сочинувале една третина (32,5%) од вкупниот број пратеници, додека пак, во мандатниот период 2024–2028 г. кандидатите до 39 годишна возраст кумулативно опфаќаат една четвртина од вкупниот број на пратеници**.

Ваквите податоци укажуваат на тенденција кон концентрација на пратениците во средната возрасна група, што секако може да влијае врз политичките одлуки и приоритети. Помалата различност во возраста може да ја ограничи разноликоста на перспективите и иновациите кои пратениците можат да ги донесат.

Компаративниот преглед на дистрибуцијата на избраните пратеници според возрасни групи за сите четири мандати е даден во продолжение.

**Графикон 15. Дистрибуција на членови на Собранието непосредно по формирањето на Владата според возрасни групи за секој од собраниските состави во периодите 2014–2016, 2016–2020, 2020–2024 и 2024–2028 г.**



# АНАЛИЗА НА ЗАСТАПЕНОСТА НА МЛАДИНСКИТЕ ПРАШАЊА ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ И ПРОГРАМАТА НА ВЛАДАТА

## Опис на примерокот

За овој дел од Студијата предмет на анализа беа вкупно n=8 изборни програми од вкупниот број на политички субјекти (n=17) кои учествуваа во парламентарните избори на Република Северна Македонија во 2024 година[38]. Значајно е да се спомене дека политичките субјекти кои се дел од новиот состав на Парламентот се вклучени во анализата, преку своите јавно достапни изборни програми.

**Табела 5.** Опис на примерокот: Преглед на анализирани изборни програми според политички субјект

| ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ | Достапни изборни програми – предмет на анализа |
|---|---|
| АВАЈА - ДОСТА Е! | |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЏУЛА ЧЕЛИКУ | |
| Движење ЗНАМ - За Наша Македонија | ✓ |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | |
| Коалиција “ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ | ✓ |
| Коалиција “ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ | ✓ |
| Коалиција ВЛЕН | ✓ |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | ✓ |
| Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | |
| Македонска Ера Трета / Македонски Независни Листи – Суверенисти | |
| Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје | ✓ |
| Политичка партија ДЕСНА | ✓ |
| Политичка партија Левица | ✓ |
| Политичка партија НОВА АЛТЕРНАТИВА Скопје | |
| Политичка партија РОДИНА МАКЕДОНИЈА | |
| Работничка партија | |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | |

38 Дизајнот на истражувачкиот примерок е детално објаснет во поглавјето Истражувачка методологија.

## Резултати од анализата

### *Колку младите се во фокусот на изборните програми?*

Општиот впечаток е дека младите се во фокусот, во поголемиот дел на изборните програми кои се предмет на анализа (особено во програмите на коалициите).

Во програмите на Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“, Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА, Коалиција ВЛЕН и Политичка партија Левица, младите се појавуваат како една од клучните групи од интерес на кои тие им се обраќаат.

Во програмата на политичката партија ДЕСНА не се пронајдени политики и мерки кои се однесуваат директно на младите и студентите, а во програмата на Движење ЗНАМ - За Наша Македонија младите се спомнуваат само еднаш.

За попрецизно утврдување на застапеноста на младите во изборните програми е спроведена дополнителна и квантитативна анализа, според која политичките субјекти се поделени во три групи, во однос на следниве критериуми за селекција[39]:

1) прва група – предвидени се 50 или повеќе мерки за младите, покриени во повеќе од 10 области;

2) втора група – предвидени се меѓу 15 и 50 мерки за младите, покриени во 5 до 10 области;

3) предвидени се помалку од 15 мерки за младите, покриени во помалку од 5 области.

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ и КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА ги исполнуваат критериумите за рангирање во првата група.

На втората група и припаѓаат следниве политички субјекти: Коалиција ВЛЕН, Левица и Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“, иако се регистрирани интрагрупни разлики во бројот на мерки и области меѓу ентитетите.

Во третата група спаѓаат: Движење ЗНАМ - За Наша Македонија, Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје и Политичка партија ДЕСНА.

Како истражувачка импликација, може да се забележи дека политичките субјекти што освоија најмногу пратенички места на парламентарните избори во 2024 година, припаѓаат во првата и втората група.

**Табела 6.** Застапеност на мерки за млади во изборните програми на политичките субјекти

| | **Прва група** | **Втора група** | **Трета група** |
|---|---|---|---|
| **Критериуми** | 50 или повеќе мерки за млади, покриени во повеќе од 10 области | помеѓу 15 и 50 мерки за млади, покриени во 5 до 10 области | помалку од 15 мерки за млади, покриени во помалку од 5 области |
| **Политички субјекти** | Коалиција “ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“<br>КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | Коалиција ВЛЕН<br>Левица<br>Коалиција “ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ | Движење ЗНАМ - За Наша Македонија<br>Политичка партија ДЕСНА<br>Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје |
| **Вкупно политички субјекти во Групата** | **2** | **3** | **3** |

39 За категоризирање во една група, програмите мора кумулативно да ги исполнуваат и двата критериуми (број на мерки и број на области).

### *Во кои тематски области има најмногу, а во кои најмалку мерки за младите?*

Според бројот и видот на мерки, фокусот на младите е првенствено поставен врз областа образование и наука, преку разновидните мерки за унапредување и приспособување на формалното и неформалното образование според барањата и трендовите на пазарот на труд, подобрување на ученичкиот/студентскиот стандард и задржување на талентите во образованието, науката, јавниот и реалниот сектор во државата. На второ место по значајност се економските мерки.

Младинското учество иако не е област од приоритет, во одредена мера е застапено во програмите.

Присутна е свеста за значењето на културата, како и спортот и рекреативните активности за општиот и психо-физички развој на младите.

Се спомнуваат одреден број на мерки, од кои се очекува да ги унапредат условите на младите фармери или пак да ги поттикнат младите луѓе да се занимаваат со земјоделство.

Олеснувањето и субвенционирањето на младинското домување како социјална мерка е дел од повеќето изборни програми.

Ковид–19 пандемијата и нејзиното влијание врз младите е составен дел единствено од изборната програма на Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ, преку мерка за амортизирање на тешкотиите во учењето.

Во изборните програми се споменува задржувањето на младите во земјата, при што мерките најчесто се индиректни и се поврзуваат со квалитетното образование, стипендирање и/или вработување на талентирани студенти. Во програмата на Коалицијата „Твоја Македонија“ постои заложба за развој на стратегија/план за демографија и формирање на Министерство за социјална политика, демографија и млади, преку кои би се намалила емиграцијата на младите.

Вредно е да се спомене дека во програмата на Левица, се забележуваат повеќе интерсекторски мерки за младите и студентите. На пример, предвидени се мерки од областа образование и/или економија, кои имаат примарна цел да понудат решение за конкретен социјален проблем или да ѝ помогнат на одредена социјално ранлива категорија на млади луѓе. Во програмата на Левица има и дел посветен за студентските права.

Екологијата и здравата животна средина не се области кои се поврзуваат со младите во програмите, па согласно на тоа, недостасуваат таков вид на мерки.

Во табелата во продолжение се анализирани присутните доминантни области за младите во изборните програми на политичките субјекти од првата и втората група, со приоретизирање на областите според бројот на предвидени мерки во секоја од нив.

Од анализата/табелата се исклучени политичките субјекти од третата група, поради малиот број на предвидени мерки за младите или непостоење на истите.

Поделбата на тематските области произлегува од дискурзивната анализа и од анализата на содржина на документите. Оттаму, се издвојуваат следниве клучни области:

- образование и наука;
- економија;
- младинско учество;
- спорт;
- култура;
- земјоделство и
- квалитет на живот.

**Табела 7.** Приоритетни области за млади во изборните програми на политичките субјекти

| Политички субјекти | Прв Приоритет | Втор Приоритет | Трет приоритет | Четврт приоритет | Петти Приоритет |
|---|---|---|---|---|---|
| Коалиција “ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ | Образование и наука | Економија | Квалитет на живот | Младинско учество | Земјоделие |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | Образование и наука | Економија | Квалитет на живот | Младинско учество | Спорт |
| Коалиција ВЛЕН | Образование и наука | Економија | Култура | Спорт | Квалитет на живот |
| Коалиција “ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ | Економија | Образование и наука | Младинско учество | Спорт | Квалитет на живот |
| Левица | Образование и наука | Квалитет на живот | Култура | Земјоделие | Економија |

Во следниов дел следи анализа на клучните политики и мерки за млади што политичките субјекти ги нудат во секоја од идентификуваните области.

# 1. Образование и наука

Оваа област е прв приоритет кај дури четири од петте анализирани изборни програми. Мерките се обемни, конкретни, мерливи и разновидни и поради тоа се поделени во повеќе поттеми. Секако, најголем број од нив се однесуваат на унапредување на студентскиот стандард, како поширок и интегративен концепт, а потоа на подобрување на квалитетот на наставата и нејзина модернизација, развој и поддршка за талентирани студенти, меѓународна образовна мобилност и слично.

## *Студентски и ученички стандард*

### Субвенционирано образование

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“, КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица ветуваат бесплатни студии за различни научни области и студиски програми, односно за професии кои се сметаат за атрактивни или дефицитарни во земјата. На пример, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА се залага за бесплатни студии за сите студенти на Градежниот и Архитектонскиот факултет, како и субвенции за студентите преку ваучери за партиципација (план за континуиран развој на градежната дејност и инфраструктурниот развој на државата), потоа, удвојување на квотите на Медицинските, Стоматолошките и Фармацевтските факултети, при што сите студенти ќе бидат ослободени од трошоците кои ќе ги плаќа Владата од Буџетот на МОН.  Во програмата се предвидува и укинување на таксата за пријавување на испит. Левица нуди воведување на бесплатно високо образование, „т.е. потполно јавно субвенционирано факултетско образование, со целосно укинување на партиципациите и школарините за студентите“. Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ветува поттикнувачки мерки за запишување на студенти на факултетите за природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките науки со ослободување од партиципација и зголемена месечна стипендија, како и државни стипендии за најдобрите студенти.

Во однос на стипендирањето на студентите, КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА предвидува зголемување за 40% на студентските стипендии за студенти од областа на земјоделските, шумарските и ветеринарните науки на јавните високообразовните установи во висина од 18.000 денари на 25.000 денари за период од 9 месеци во годината, како и посебна стипендија за најдобрите студенти по новинарство, во чест и сеќавање на Никола Младенов. Предвидено е доделување стипендии за младите Македонци кои се родени и живеат во регионот и дијаспората, но сакаат да го продолжат своето образование во некој од македонските универзитети. Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ветува 50 милиони евра за сти-

пендирање на средношколци и студенти, преку ревидирање и реприоритизација на постојните програми и критериуми за доделување на стипендии со цел истите да се добиваат врз база на реални резултати и реални потреби; креирање на дигитална платформа за аплицирање за стипендии; целосни стипендии за студирање за дефицитарните и високоплатените професии; намалување на партиципацијата за 50% за сите студенти до 25 години, кои се родители и стипендии за учениците што ќе постигнат резултати на светска олимпијада, меѓународен, државен натпревар во знаење по различни предмети. Политичката партија Левица дополнително се залага за зголемување на сумата на студентските стипендии и измена во начинот на доделување стипендии за последипломски и докторски студии во странство, при што истите би се доделувале само за дефицитарни области и специјализации, кои ги нема на универзитетите во државата или на кандидати кои се усовршуваат за работното место, со обврска за враќање во државата. Потоа се предвидува воведување на нови категории на стипендии за талентирани ученици и студенти, како и дополнителна поддршка за младите кои доаѓаат од сиромашни и социјално загрозени семејства. Коалицијата ВЛЕН во својата програма се залага да добијат финансиска поддршка квалитетни студенти кои ќе се запишат на Педагошкиот факултет. Во програмата на Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ се предвидени стипендии за најдобрите студенти во износ од 500 евра месечно.

### Студентски домови

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“, КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица во своите програми се залагаат за подобрување на условите во студентските домови (во кои покрај студенти, можат да бидат сместени и ученици). КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА дополнително нуди нова пресметка за износот на висината на партиципацијата кој се пресметува по ученик или студент и зголемување на износот на партиципацијата од Владата. Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ветува инвестиција на Владата во износ од 25 милиони евра наменети за целосно реновирање и реконструкција на студентските домови. Политичката партија Левица предвидува реновирање на сите интернати и студентски домови, како и изградба на нови студентски домови – во Штип и Скопје, со долгорочно планирање на изградба на целосно интегрирани кампуси (т.н. „студентски градови“).

### Субвенциониран оброк

Субвенционираниот оброк е присутен во програмите на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“, КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица. Во програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ се предвидува подобрување на Законот за студентски оброк, со целосна промена на постојното решение, зголемување на износот на студентскиот оброк и обезбедување дека средствата наменети за студентите ќе бидат искористени. КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА ветува зголемување на износот на студентскиот оброк на најмалку 200 денари, како и субвенциониран оброк за сите средношколци (по 180 денари дневно или 900 денари неделно). Во програмата на политичката партија Левица се предвидува зголемување на сумата која се исплаќа за субвенциониран студентски оброк, потоа квалитетна и бесплатна исхрана и оброк во сите основни и средни училишта, преку воведување на училишни мензи (без приватни концесионери).

### Бесплатен или субвенциониран јавен превоз

КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица ветуваат бесплатен (градски и меѓуградски) јавен превоз за сите ученици и студенти.

### Образовни материјали и учебни/наставни помагала

КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица ветуваат субвенционирање на училишни материјали и учебни помагала, односно обезбедување квалитетни и бесплатни учебници, прирачници и работен материјал за секој ученик и наставник – во основно и средно образование, како и на факултет.

### Библиотеки и читални

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ и Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ предвидуваат воведување на е-библиотеки на факултетите и дигитализација на наставните материјали. Политичката партија Левица се залага за задолжителна непрекината работа на универзитетските и факултетските читални – „нонстоп“, 24/7, како и редовно снабдување со најсовремена стручна литература (во печатена и електронска форма).

### *Студентско организирање*

Студентското организирање е дел од програмата на политичката партија Левица, преку следниве мерки: помош при осмислувањето на нов систем на студентска репрезентација во високообразовните институции; либерализација на правото на полесно формирање т.н. студентски клубови од разни сфери на интерес, за кои факултетите ќе треба да отстапат соодветни простории за бесплатно користење.

### *Реформи во средното и високото образование*

Се забележуваат мерки кои предвидуваат извесни промени во образовниот систем. Во најголема мера тие се застапени во програмата на политичката партија Левица: поригорозни и повисоки стандарди за акредитација на приватните високообразовни институции, со тенденција кон постепена забрана на приватните факултети, воведување на т.н. врзани предмети на сите факултети; намалување на бројот на државни универзитети на четири (Скопје – УКИМ; Битола – УКЛО, Штип – УГД и Тетово – ДУТ); укинување на дисперзираните студии на сите факултети; право на платени постдипломски и докторски студии да имаат само студентите со висок просек од додипломските студии; повторно воведување приемни испити на факултетите. Коалицијата ВЛЕН предвидува: морално/етичко и граѓанско образование како задолжителен предмет; унификација на системот и наставните програми со Албанија и Косово; формирање на гимназии за технологија и дигитални науки во Скопје, Тетово и во Битола.

### *Квалитет и модернизација на наставата*

КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и Коалиција „ЕВРОПСКИ ФРОНТ" ветуваат еднаков пристап и квалитетно образование за сите млади луѓе. Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" се залага за дигитална писменост на младите преку зголемување на фондот на часови и осовременување на часовите по информатичка технологија, како и поддршка на модернизацијата на студиските програми и методите на предавање и учење. Програмата на Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ" содржи мерка за развој на организациските вештини и претприемачкиот дух во образованието.

### *Практикантство*

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" ветува развој на практичната работа на студентите во компании и институции во текот на нивното студирање. Практикантството е дел од програмата на КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА, преку предвидена задолжителна платена пракса за студентите од Факултетот за туризам за време на летната сезона. Политичката партија Левица се залага за право на платена пракса на сите студенти во јавниот и приватниот сектор.

### *Поддршка и развој на таленти*

Во програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" се предвидува кофинансирање на обуки преку систем на ваучери за талентирани студенти, особено во дефицитарните професии. КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА се залага за изготвување на системски решенија за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици во основните и во средните училишта преку ревидирање на програмите приспособени за талентираните ученици.

### *Наука и иновации*

КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА ветува грантови за истражување и иновации и поттикнување учество на студентите. Политичката партија Левица ветува отворање на научно-истражувачки станици за средношколците, а под покровителство на универзитетите (како платформа за размена и продлабочување на стекнатите знаења).

### *Меѓународни образовни програми*

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" ветува зајакнување на програми за двојна диплома на високообразовните институции. Коалицијата ВЛЕН предвидува Владата да склучи договор со Косово и Албанија, за студентите да имаат можност да завршат една академска година во некој од универзитетите во тие земји.

### *Поддршка на ученици и студенти со попреченост*

Поддршката на ученици со попреченост како мерка единствено се спомнува во програмата на КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА.

### *Кариерно водство*

Кариерното насочување или водство е дел од програмите на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ и Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“.

### *Безбедна образовна средина*

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предвидува имплементација на програми за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина.

## 2. Економија

Во оваа област политичките субјекти во најголема мера предвидуваат и ветуваат мерки коишто би ја унапределе финансиската состојба на младите, младинската вработеност и бизнис-економијата во земјата, преку стимулативни мерки и помош пред вработување, даночни ослободувања, програми за доквалификација и преквалификација на невработени и НЕЕТ млади, поддршка за започнување на сопствен бизнис и слично.

### *Помош пред вработување*

**КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА во својата програма ветува финансиска помош во висина од 200 евра за прво вработување на млади лица до** 26 **години**. Понатаму, нуди зголемување на опфатот на Гаранцијата за млади, која би опфатила 35.000 лица. Додатно е застапена мерка за креирање на можност за преквалификација на младите со високо образование кои повеќе од 4 години се евидентирани за невработени во Агенцијата за вработување (АВРСМ). И во програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ наведени се програми за вработување и самовработување на младите преку Агенцијата за вработување, со буџет од 150 милиони евра, кои би требало кај младите да развијат вештини и квалификации за потребите на пазарот на трудот. Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ нуди мерки за поддршка за вработување на млади до 29 години, со дополнителна поддршка за вработување на млади кои се невработени подолго од 24 месеци.

### *Даночно ослободување*

Даночното ослободување како економска и стимулативна мерка се проткајува во изборните програми. Во изборните програми на коалициите „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ и „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ се планира ослободување од данок на личен доход за нововработени млади лица до 29 години. Даночно ослободување за младите помлади од 30 години, кои ќе започнат бизнис во земјата во период од три години, е мерка на Коалицијата ВЛЕН. Додека пак, КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА предвидува ослободување од сите давачки за сезонско и за скратено работно време на вработени студенти до 2.500 евра годишно.

### *Економски мерки за социјално-ранливи и маргинализирани групи*

Би издвоиле три мерки кои се однесуваат на млади од социјално ранливи или маргинализирани групи во програмите на политичките субјекти. Поконкретно, во програмата на Левица, се предвидува национална програма „Работа за секого“ со мерки за интегрирање во трудовиот процес на млади лица без родители или без родителска грижа. Во програмата на КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА е предвидено зголемување на износот на младински додаток и поместување на границата за вклучување во мерката – зголемен опфат на млади од ранливи семејства со работно вклучување и зголемување на износот кој го добиваат од 3.000 денари на 5.000 денари месечно, преку измени и дополнувања на Законот за младински додаток. Додека пак, во програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ се предвидуваат законски измени со што младите кои се корисници на семејна пензија ќе можат легално да бидат работно ангажирани до шест месеци во текот на годината до навршување на 26 години, под услов да се редовни студенти или ученици.

### *Бизнис-претприемништво*

Во изборната програма на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ е предвидено финансирање на стартап компании и претприемачки иницијативи, со буџет од 5 милиони евра. Коалиција ВЛЕН ветува поддржувачки еко-систем за младите претприемачи преку национални финансиски програми и менторски програми за дигитализација на мали и средни претпријатија. Во програмата на Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“ мерките за млади претприемачи предвидуваат финансиска поддршка за отворање на бизнис во руралните средини и кредити со субвенционирани камати за новоформирани компании од млади, кои имаат за цел ‘поттикнување на претприемачката култура и обезбедување на конкретна поддршка за развој на нивните бизниси’.

### *Квалитетна работа*

Во изборните програми на Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ и **КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА се наведени заложби за** квалитетна работа за младите, односно квалитетни работни места на конкурентен пазар на труд (последователно).

### *Мерки за фриленсери*

За регулирање на работниот статус на фриленсерите и нивната социо-економска сигурност, постојат мерки во изборните програми на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" – 'пакет за фриленсери' и Левица – 'создавање услови за здравствено и пензиско осигурување за млади фриленсери до 26 години'.

### *Дигитални 'номади'*

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предлага воведување на обновлива виза за престој на дигитални номади, со цел привлекување на млади професионалци од странство во земјата.

### *Транзит од образование кон вработување*

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" ветува загарантирана понуда за работа, за 500–те најдобри студенти со највисок академски успех, преку посебна програма на Агенцијата за вработување, како и хонорарна работа за студенти, односно можност за работа на скратено работно време без губење на статусот редовен студент и можноста за аплицирање за стипендии. Слично, Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ ветува вработување на најдобрите 200 студенти во научни и јавни институции. КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА ветува загарантирано вработување на сите дипломирани студенти од земјоделските, шумарските и ветеринарните науки на јавните високообразовните установи, како и задржување на најдобрите студенти преку нивно ангажирање во високо-образовните и научните установи во државата или во јавниот сектор. Се планира и развој на софтвер „Младинска работа – E-youth job" (електронска платформа која посредува за пронаоѓање привремена работа и работа со скратено време за средношколци и за студенти). Политичката партија Левица ветува загарантирано вработување во јавното здравство на најдобрите студенти на генерација на медицинските факултети и фер финансиско субвенционирање за млади лекари во примарното здравство, со посебен акцент на лекари во дефицитарни области и рурални средини.

## 3. Младинско учество

Младинското учество во најголема мера е застапено во програмата на Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ", преку следниве мерки: зајакнување на влијанието на младите во процесот на одлучување, на локално ниво и на национално ниво; имплементација на законите и политиките за младинско учество, периодична анализа на ефектите од овие закони, адаптација и донесување на правни акти во тесна соработка со младите, како и нивно вклучување во консултативни процеси за преговори со Европската Унија; зајакнување на институционалните капацитети, во смисла да се подобри вклученоста на младите во локалните и во националните тела за одлучување, како и да се унапредат политиките за младите во Собранието на Република Северна Македонија; активно учество на младите во одлучувањето во образовните институции; зајакнување на младински активизам во рамките на дигиталниот простор; зајакнување и одржливоста на капацитетите на секторот за младите како партнер на институциите во креирање на политиките за поквалитетен живот на младите, преку анализа на програмите и локалните/националните фондови за обезбедување на нивна соодветност со актуелни потреби на младите за одржливост и развој на младинските организации; регулирање и признавање на младинската работа преку изготвување и спроведување на соодветната легислатива.

Програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предвидува основање на Центар за истражување на младински прашања, кој, меѓу другото, ќе има за цел да ја следи имплементацијата на оперативните планови што ќе произлезат од Националната стратегија за млади (во рамките на новото Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и отворање на младински центри во повеќе градови во земјата.

Во делот „Младински манифест" од програмата на Коалицијата за ЕВРОПСКА ИДНИНА има неколку заложби за унапредување на младинското учество, но истите не се претставени во вид на конкретни мерки.

## 4. Спорт

Поголемиот дел од мерките од областа на спортот и рекреативните активности во изборните програми на политичките субјекти, индиректно се однесуваат на младите. Најчесто се предвидува инвестирање во спортска инфраструктура, институционална трансформација и/или реорганизација, а потоа финансирање на спортски активности, индивидуи и организации.

Така на пример, Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предлага трансформација на Агенцијата за млади и спорт во Министерство за спорт, како и изградба и реконструкција на спортски сали, спортско-рекреативни центри и спортски терени во повеќе училишта, во различни населби во Скопје и во другите градови.

Коалицијата за ЕВРОПСКА ИДНИНА во својата програма ги предвидува следниве мерки: рамномерен, инклузивен и одржлив спортски систем кој ќе придонесе кон здрава младина и содржини кои ќе ги мотивираат младите; омасовување на спортовите и подобрување на спортските резултати за сите спортови; сите спортски објекти во сопственост на државата и општините кои се даваат на концесија или се под ЈПП ќе мора да обезбедат 15% од термините за деца и млади од социјално ранливи категории; реконструкција на спортски сали/терени и изградба на пливачки базени; изградба на атлетски и тениски центар.

Во програмата на Коалицијата ВЛЕН се предвидува изградба на 200 нови спортски терени во првиот мандат и 200 други во вториот мандат, како и поддршка за елитните спортисти и доделување на државни плати на истакнатите спортисти.

Политичката партија Левица нуди државно спонзорирање наученички и студентски спортски лиги.

Најмногу на број и најконкретни мерки кои се однесуваат директно на спортот и младите и во кои е застапен родовиот аспект, се застапени во програмата на Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ“: поддршка за спортски активности на млади - ваучери за спорт поддржани од буџетот и даночни олеснувања за поддршка на спортот; изградба и подобрување на спортски објекти како што се стадиони, спортски игралишта, спортски сали; промовирање на родовата еднаквост во спортот, вклучувајќи поддршка на програми и турнири за девојки и жени, како и промоција на обучувачите на жените во спортот; иницијатива за поттикнување на младинското учество во спортот и за обезбедување повеќе можности за развој на спортски вештини за младите во училиштата и младинските центри.

## 5. Култура

За културата се посветени повеќе и разновидни мерки во изборните програми на политичките субјекти, кои би ги зајакнале капацитетите на културните институции во земјата, би ја приближиле културата до младите или би го поттикнале младинското културно творештво. Има и мерки за промоција на македонската и албанската култура, за кои се верува дека индиректно можат да го поддржат културниот развој на младите.

Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ветува зголемена поддршка на музичката, филмската и телевизиската продукција за деца и млади на македонски јазик; поддршка на музичкото творештво и музичките фестивали за деца и млади; системски концепт за развој на културно-образовни програми и јакнење на кадровските капацитети за работа со деца и млади во установите од областа на културата.

Коалицијата за ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица во својата програма предвидуваат формирање на повеќенаменски младински културни центри (МКЦ) во повеќе градови. Левица предвидува и формирање на посебни мрежи и фондови за поддршка на млади таленти од сите области на уметноста; попусти за т.н. културни пакети за млади до 29 години – за минимум социјални и културни активности (посета на кина, театри, музеи, библиотеки, изложби, концерти, спортски натпревари и сл.); стимулација на млади филмски уметници, со задолжително финансирање на еден филмски проект годишно на режисер-дебитант. Во програмата на Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ се предвидува поддршка за културни проекти на млади. Коалицијата ВЛЕН предвидува отворање на пет нови албански културни центри, каде што ќе се нудат курсеви за талентираните млади во музика, танц, песни, сликарство, скулптура и други уметности, како и создавање на културно-уметнички групи кои ќе одржуваат активности на локално, државно и на меѓународно ниво.

## 6. Земјоделство

Земјоделството е претставено со повеќе мерки во три од анализираните изборни програми, кои главно се однесуваат на финансиска поддршка за младите земјоделци.

Најголем фокус на младите фармери и земјоделството во целост се забележува во програмата на Левица. Поконкретно, предвидени се мерки како: зголемување на субвенционирањето за органското производство со автохтони сорти и видови за младите земјоделци; едукативни центри за менторска поддршка на земјоделците и фармерите, со посебен акцент на оспособување и вклучување на младите и жените; бесплатно делење земјишни парцели на млади индивидуални земјоделци, на долготраен закуп, со обврска одреден процент од своето производство да го даваат на локалната самоуправа – за задоволување на потребите за храна во социјалните институции; издвојување на посебна категорија за субвенционирање – млади земјоделци, особено за: производство на млеко, занаетчиство, нови култури, еко-фарми и еко-туризам. Поддршка на младите фармери и жените земјоделци се предвидува и во програмата на КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА како и нов земјоделски бизнис-модел - модернизација на земјоделските стопанства. Во програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" се застапени следниве мерки за млади во областа: зголемена почетна финансиска поддршка, бонус поени за закуп на земјоделско земјиште и до 20% повеќе средства за млади до 40 години; неповратни средства за млади земјоделци - за проекти со понуден бизнис-план за започнување на земјоделски бизнис; финансиска поддршка за млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис.

## 7. Квалитет на живот

Во изборните програми се идентификувани теми кои припаѓаат на пошироката област - квалитет на живот, сфатена како мултидимензионален концепт, кој вклучува повеќе аспекти поврзани со општата добросостојба на младите.

Коалицијата „ЕВРОПСКИ ФРОНТ" предвидува општа мерка за промоција на здрав стил и подобар квалитет на живот на младите.

### *Психо-физичко здравје*

Во однос на психо-физичката добросостојба, или физичкото и менталното здравје кај младите, регистрирани се неколку мерки, во програмите на Коалицијата за ЕВРОПСКА ИДНИНА и политичката партија Левица.

Коалицијата за ЕВРОПСКА ИДНИНА ветува отворање на регионални центри за третман на деца и млади со аутизам (Скопје, Битола, Штип, Тетово, Струмица, Кавадарци и Струга), развој на младински центри за психо-социјална поддршка на деца, млади и нивните родители, отворање на 8 регионални советувалишни центри за деца и млади, промоција на сигурни точки за млади во секој меѓуопштински центар за социјална работа за подобрување на пристапот до услуги за ментално здравје, како и нов модел во Законот за пушење, со цел спречување на започнувањето со употреба на тутун кај младите и промовирање (и поддршка) на откажување кај возрасните и младите. Левица ветува бесплатни базични стоматолошки услуги на млади до 21 годишна возраст.

### *Домување*

Во анализираните изборни програми на четири политички субјекти е присутна темата младинско домување, со меѓусебно слични, но сепак различни мерки и решенија.

Политичката партија Левица ветува субвенционирање на социјални станови за млади до 29 години, како и за млади брачни парови (со или без деца). **КОАЛИЦИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА ветува** субвенционирани и поволни цени за купување сопствен дом за млади до 29 години и изградба и распределба на станови за млади брачни парови до 29 години. Коалицијата ВЛЕН ветува **кредити со нулта камата за станови за млади парови** (**со просечна возраст под 35 години**). Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" повторно би ја вовела мерката „Купи куќа за млади", преку: исплаќање субвенции на месечна рата за изградба на куќа или исплаќање на субвенции за почетно учество при добивање на кредит за изградба на куќа; за младите парови кои ќе се преселат на село се предвидува еднократна финансиска поддршка за купување, градење или проширување на куќа; се предвидува продажба на државно неизградено земјиште по повластена цена по квадратен метар, бесплатни типови на проекти за изградба на куќа и поддршка за енергетско ефикасно реновирање на домовите на младите.

### *Безбедност*

Во програмата на Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ е предвидена мерка за забрана на насилство и промовирање на безбедност кај младите.

### *Јавен превоз*

Политичката партија Левица предвидува попуст за меѓуградски превоз за млади до 26 години.

## Каква улога им се придава на младите во изборните програми?

Генералниот впечаток е дека учесниците во парламентарните избори, чии изборни програми се предмет на анализа, настојувале да ги позиционираат младите луѓе во своите програмски наративи на значајно место, имајќи го предвид просторот што ѝ се посветува на оваа демографска група, како и обемот, природата и разновидноста на мерките во секоја од областите.

Но, како и во студијата на Фондацијата за демократија на Вестминстер за парламентарните избори во 2020 година, повторно на младите се гледа „примарно како на реципиенти на политики, а многу помалку како на актери или агенти во нивното создавање и имплементација“[40]. Поконкретно, на младите најчесто им се доделува пасивна улога и (со одредени исклучоци) не се предвидени услови за повисок степен на нивна вклученост во процесот на одлучување, што би им овозможил директно да влијаат на политиките и мерките што ги засегаат.

Мерките за младите во изборните програми на анализираните политички субјекти главно се концептуализирани во вид на конкретни решенија за проблеми, за кои се верува дека се постоечки и се поврзуваат со младите. Кај одредени политички субјекти се забележуваат и развојни мерки, како и мерки кои се обидуваат да антиципираат и амортизираат идни потенцијални ризици и предизвици поврзани со младите.

На поголемиот дел од политичките субјекти како да им недостасува и разбирање за современиот концепт за креирање на политики и мерки во кои младите се во центарот и истиот се базира на факти, а не на претпоставки. Овој концепт подразбира користење на податоци за и од младите (постоечки истражувачки студии, извештаи, официјални статистички податоци, консултации со претставници на младите и младинските организации и тела), од кои може да се добие прецизна претстава за главните потреби, грижи, аспирации, но и предизвици и бариери со кои тие се соочуваат или ќе се соочуваат во иднина.

При тоа, особено е важно да се има предвид дека младите не претставуваат една хомогена група. Потребите на младите вообичаено се разликуваат според социо-економскиот статус (место на живеење, финансиска состојба, степен на образование, работен статус), полот, етничката припадност и возрасната група на која ѝ припаѓаат, а секако влијание имаат и социо-културните фактори.

Практикувањето на ваквиот пристап несомнено би придонел за креирање на соодветни и иновативни мерки за образовно, економско и социјално зајакнување на младите и реално претставување на нивните интереси.

40 Галевски, М., Ѓорѓиовска, Ј. (2020) МЛАДИНСКО ПОЛИТИЧКО ОТСУСТВО: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020. Издавач: Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија Youth Political Absence - MK - web.pdf (wfd.org)

## Колку начинот на комуникација на мерките за млади во изборните програми ни дозволува да ја оцениме нивната остварливост?

SMART (Specific, Measurable, Achievable, Relevant, and Time-bound) пристапот може да биде корисен за анализа на мерките за млади во изборните програми:

- ***Specific* (Конкретни)**: Дали мерките се јасно и прецизно дефинирани?
- ***Measurable* (Мерливи)**: Дали има јасни показатели кои ќе овозможат да се измери успешноста на мерката?
- ***Achievable* (Остварливи)**: Дали мерките се реалистични и остварливи со оглед на ресурсите и времето на располагање?
- ***Relevant* (Релевантни)**: Дали мерките се важни и релевантни за целите на младите и за општеството?
- ***Time-bound* (Временски ограничени)**: Дали има конкретен предвиден временски рок за исполнување на мерката?

Систематизиран и детален акциски план, со индикатори за успешност, временски рокови, финансиски буџет и назначени одговорни институции за реализација на мерките, нема во ниту во една од анализираните изборни програми. Иако, мора да се има предвид дека ваквата општост и не навлегување во деталите може да биде и свесна/намерна, со цел да се обезбеди поголема флексибилност во натамошното преговарање, по изборите.

Општа забелешка е дека постојат разлики во изборните програми, во начинот на претставување и елаборирање на мерките.

Поконкретно, во програмата на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" се посочени конкретни индикатори, со предвиден финансиски буџет, одговорна институција и/или временска рамка, за повеќе политики и мерки поврзани со младите (на пример, гарантирана понуда за работа за 500–те најдобри студенти со највисок академски успех, преку посебна програма на Агенцијата за вработување; 5 милиони евра за претприемачка иницијатива на млади) - иако ретко се содржани сите параметри истовремено, што ја отежнува и/или оневозможува мерливоста.

Во програмата на КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА со индикатори, временски период, институција и/или финансиски буџет главно се наведени политиките и мерките за млади и студенти кои се веќе започнати или реализирани во изминатиот мандатен период.

Соодветен пример од програмата на Коалицијата ВЛЕН е мерката „Изградба на 200 нови спортски терени во првиот мандат и 200 други во вториот мандат".

Следна забелешка е дека најконкретни се мерките поврзани со образованието и студентскиот стандард кај повеќето политички субјекти. За споредба, иако во повеќето програми постојат теми посветени за економија и млади, како да недостасуваат идејни решенија за развој и доведување на овие политики и заложби на ниво на мерки.

Скоро сите мерки за младите во изборните програми на анализираните политички субјекти може да се сметаат за релевантни во висока мера, односно нивната реализација би значела унапредување на перспективите на младите поврзани со формалното и неформалното образование, ученичкиот/студентскиот стандард, студентското и младинското учество, вработувањето, човековите права, учеството во културни и спортски активности, како и општиот квалитет на живот, што секако позитивно би се одразило и на општествено ниво.

Но, во однос на остварливоста на мерките, генералниот впечаток е дека нивната реализација претставува сериозен предизвик, имајќи ги предвид потребните финансиски ресурси и буџетски (ре)алокации, инфраструктурни инвестиции, законски измени, промени во даночните политики и слично.

Во однос на временскиот рок на мерките, иако истиот е ретко наведен, најчесто е на краткорочно или среднорочно ниво.

Секако, за дел од мерките предвидени во изборните програми на различни политички субјекти, може да се каже дека имаат среден или висок степен на остварливост, како на пример:

- **Мерка:** Поддршка на ученици и студенти со попреченост (предвидена во програмата на КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА). Мерката е остварлива, бидејќи бара инвестиции за адаптација на постоечка инфраструктура и во земјата е веќе воведен систем за инклузивно образование;

- **Мерка:** Меѓународни образовни програми (предвидена во програмите на КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" и Коалиција ВЛЕН). Мерката е остварлива, бидејќи веќе има воспоставени успешни практики во земјата и е сосема изводливо склучувањето на меѓународни договори.

- **Мерка:** Практикантство (предвидена во програмите на КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА", КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и Левица). Мерката е остварлива, бидејќи во многу компании во земјата постојат програми за практикантство, постои воспоставена практика за потпишување на билатерални договори со Универзитетите за студентско практикантство, а исто така и во средното образование преку дуалниот образовен систем.

- **Мерка:** Бесплатен или субвенциониран јавен превоз (предвидена во програмите на КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и Левица). Мерката е остварлива, бидејќи субвенционирањето на јавниот превоз за различни категории на граѓани веќе функционира во земјата.

Искреноста на предизборните ветувања, сепак ќе може најреално да се анализира преку начинот и степенот на спроведување на мерките.

# Краток осврт на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028)

Во рамки на Студијата се дава и краток осврт на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024–2028)[41] предложена во работна верзија, со цел да се спореди усогласеноста на програмските определби на учесниците во новата Влада (Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА", Коалицијата ВЛЕН и Движење ЗНАМ - За Наша Македонија) со самата програма на Владата, секако, со фокус врз застапеноста на младинските политики и мерки во новата владина програма.

Во однос на опфатот на мерките за младите во Програмата на Владата, може да се забележи дека тие се присутни во голема мера и доколку се спореди со изборните програми на политичките субјекти, најголемиот дел од нив или скоро сите се преземени од програмата на победничката Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" (предводена од ВМРО-ДПМНЕ), во конкретизирана и сублимирана форма. Не се забележуваат специфични мерки за млади кои произлегуваат од изборните програми на останатите политички субјекти кои се дел од новата Влада.

Во документот постои дел посветен за младите, наречен „Младите во фокусот", кој е потпоглавје на последното поглавје од програмата, со наслов „Права и слободи". Овој дел главно се залага за унапредување на перспективите поврзани со вработувањето на младите и нивно вклучување на пазарот на труд, развој на младинското претприемништво, развој на вештините, подобрување на ученичкиот/студентскиот стандард, финансиска помош за млади земјоделци.

Како конкретни мерки за младите во овој дел се наведени следниве:

- програма за 500 студенти со највисок академски успех од додипломските студии на јавните универзитети секоја година да добијат понуда за работа во приватниот и во јавниот сектор;
- законски измени за создавање можност секој студент да работи на скратено работно време без да го изгуби статусот редовен студент;
- до 5.000 едногодишни обуки за напредни дигитални вештини согласно со потребите на домашните ИКТ компании;
- кофинансирање за меѓународна сертификација на млади ИКТ професионалци со цел зголемување на продуктивноста на работниците;
- финансиски средства за претприемачки иницијативи на младите како сеопфатна програма за поддршка на младинското вработување;
- кофинансирање на обуки преку систем на ваучер, на познати онлајн платформи за едукација за талентирани студенти;
- јавните институции ќе бидат отворени за волонтирање и практична работа;
- зголемена почетна финансиска поддршка за млади кои ќе започнат да се занимаваат со земјоделство и
- советодавни услуги за младите што ќе започнат бизнис во полето на легислатива, финансии и даноци, административно работење, ИТ алатки, маркетинг и други соодветни програми за поддршка при започнување со сопствен бизнис.

Во продолжение на потпоглавјето, владината програма се залага: за формирање на дигитални иновациски хабови, младински иновативни центри, бесплатен интернет во сите образовни установи, унапредување на ученичкиот/студентскиот стандард преку реновирање на сите ученички/студентски домови во државата и зголемување на стипендиите за студенти и средношколци (преку дигитален процес на аплицирање со цел елиминирање на корупцијата), намалување на партиципацијата за студентите до 25 години - кои воедно се родители, стипендии за учениците што ќе постигнат резултати на светска олимпијада, меѓународен, државен натпревар во знаење по различни предмети.

Во однос на целокупната владина програма, може да се заклучи дека мерките за младите се застапени во скоро сите поглавја и идентификувани области во Студијата: образование и наука, економија, култура, спорт, младинско учество, земјоделство, квалитет на живот (безбедност, социјални права, домување, здравство).

Интересно е да се спомене дека во владината програма се продлабочува фокусот на задржувањето на младите во земјата преку повеќе и различни видови на мерки.

41 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, работна верзија (2024 – 2028), достапно на https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vladata-2024-2028.pdf

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Преку повеќе истражувачки процедури и постапки во Студијата беа анализирани потврдените кандидатски листи и собраниските состави за парламентарните избори во 2024 година, како и изборните програми на политичките субјекти и новата владина програма, со цел да се утврди застапеноста и позиционираноста на младите.

Генералниот заклучок е дека младите сè уште претставуваат најмалку застапена демографска група во парламентот, иако станува збор за многубројна суб-популација во земјата.

Како главни заклучоци можат да се издвојат следниве:

- Младите кандидати (18–29 год.) сочинуваат 14,6% од вкупниот број на кандидати. Проширената возрасна категорија на млади кандидати за пратеници (18–39 год.) кумулативно изнесува 35,5%. Евидентиран е забележителен пад во однос на застапеноста на млади кандидати на парламентарните избори во 2020 година, со проценти кои изнесувале 19,17% и 44,94%, последователно, за возрасните групи 18–29 и 18–39.

- Во однос на половата застапеност на кандидатите, генерален впечаток е дека се побројни мажите-кандидати за пратеници, отколку жените-кандидатки, кај сите политички субјекти кои настапуваат на парламентарните избори. Кандидатите за пратеници од машки пол се доминантни во сите возрасни групи - освен во најмладата возрасна група (18–29 год), каде бројот на жени-кандидатки е n=125, наспроти n=120 мажи-кандидати. Овој наод се повторува како и во анализата на парламентарните избори во 2020 година.

- На првото ниво на позиционирање на кандидатката листа (првите пет редни места на листите) доминираат кандидатите во возрасната група 40–49 год. (n=119), потоа во возрасните групи 50–59 (n=102) и 60–69 (n=75), додека пак, најмалку кај младите кандидати кои се предмет на анализа (за 18–29, n=34; и за 30–39, n=74).

- Кај возрасната група на млади 18–29 година, најголем број од кандидатите (n=88) се позиционирани на последното - четврто ниво (од 16 до 20 редно место на листите), додека кај возрасната група на млади 30–39 год. кандидатите се приближно еднакво распределени на второ (n=93), трето (n=94) и на четврто ниво (n=90).

- Споредбено со конститутивниот состав, по формирањето на Владата, во Собранието има пет повеќе пратенички, поконкретно, 62,5% (n=75) пратеници се од машки пол, а 37,5% (n=45) од женски пол. Интересно сознание е дека ваквата полова распределба е идентична како и во парламентарниот состав за мандатниот период 2020–2024 година.

- Младите кандидати (18–29 г.) опфаќаат 2,5% од избраните пратеници (n=3), додека пак, заедно со кандидатите до 39 годишна возраст кумулативно опфаќаат 25,8% (n=31) од вкупниот број на пратеници.

- За собранискиот состав 2014–2016 година, просечната возраст изнесувала 45,02 години (со опсег меѓу 23 и 66 години); за собранискиот состав 2016–2020 година, просечната возраст е 46,10 години (со опсег меѓу 23 и 75 години); за собранискиот состав 2020–2024 година, просечната возраст е 44,82 години (со опсег меѓу 23 и 72 години); за собранискиот состав 2024–2028 година, просечната возраст е 45,40 години (со опсег меѓу 27 и 65 години). Иако просечната возраст варира за само +/- 1,28 во последните четири парламентарни мандати, опсегот на возраста е најмал до сега.

- Најголем дел од пратениците од последниот собраниски состав (n=51) се на возраст од 40 до 49 години, што претставува најголема застапеност на оваа возрасна група до сега (иако овој тренд расте во континуитет). Забележуваме помала застапеност на младите пратеници на возраст до 29 години, додека пак, најголемо намалување е евидентирано кај младите пратеници од возрасната група 30–39 години (за секој мандатен период последователно: n=34, n=33, n=35, n=28). За споредба, во претходниот парламентарен состав 2020–2024 година, младите до 39 годишна возраст сочинувале една третина (32,5%) од вкупниот број пратеници, додека пак, во мандатниот период 2024–2028 година, кандидатите до 39 годишна возраст кумулативно опфаќаат една четвртина од вкупниот број на пратеници. Ваквите податоци укажуваат на тенденција кон концентрација на пратениците во средната возрасна група, што секако може да влијае врз политичките одлуки и приоритети.

- Иако првичната и основна цел на Студијата беше да се анализираат изборните програми на сите (n=17) политички субјекти кои учествуваа на парламентарните избори, сепак јавно објавени и/или достапни беа n=8 програми. Ова претставува значајна истражувачка лимитација, но, истовремено и битна истражувачка импликација за ставот и односот на политичките субјекти кон сопствените изборни програми, како клучни документи во предизборната кампања и изборниот процес во целост.

- Учесниците во парламентарните избори, чии изборни програми се предмет на анализа, настојувале да ги позиционираат младите луѓе во своите програмски наративи на значајно место, имајќи го предвид просторот што ѝ се посветува на оваа демографска група, како и обемот, природата и разновидноста на мерките во секоја од областите.

- Политичките субјекти што освоија најмногу пратенички места на парламентарните избори во 2024 година, воедно имаат и најголем број на мерки за младите во нивните изборни програми.

- Според бројот и видот на мерки, фокусот на младите е првенствено поставен врз областа образование и наука, преку разновидните мерки за унапредување и приспособување на формалното и неформалното образование според барањата и трендовите на пазарот на труд, подобрување на ученичкиот/студентскиот стандард и задржување на талентите во образованието, науката, јавниот и реалниот сектор во државата. На второ место по значајност се економските мерки.

- На младите се гледа примарно како на реципиенти на политики и мерки, а многу помалку како на актери или агенти во нивното создавање и имплементација. Поконкретно, на младите најчесто им се доделува пасивна улога и (со одредени исклучоци) не се предвидени услови за повисок степен на нивна вклученост во процесот на одлучување, што би им овозможил директно да влијаат на политиките и мерките што ги засегаат.

- Мерките за младите во изборните програми на анализираните политички субјекти главно се концептуализирани во вид на конкретни решенија за проблеми, за кои се верува дека се постоечки и се поврзуваат со младите. Кај одредени политички субјекти се забележуваат и развојни мерки, како и мерки кои се обидуваат да антиципираат и амортизираат идни потенцијални ризици и предизвици поврзани со младите.

- Општа забелешка е дека постојат разлики во изборните програми, во начинот на претставување и елаборирање на мерките. Систематизиран и детален акциски план, со индикатори за успешност, временски рокови, финансиски буџет и назначени одговорни институции за реализација на мерките, нема во ниту во една од анализираните изборни програми, иако одредени параметри се присутни во дел од изборните програми на коалициите.

- Најконкретни се мерките поврзани со образованието и студентскиот стандард кај повеќето политички субјекти. За споредба, иако во повеќето програми постојат теми посветени за економија и млади, како да недостасуваат идејни решенија за развој и доведување на овие политики и заложби на ниво на мерки.

- Скоро сите мерки за младите во изборните програми на анализираните политички субјекти може да се сметаат за релевантни во висока мера. Но, во однос на остварливоста на мерките, генералниот впечаток е дека нивната реализација претставува сериозен предизвик, имајќи ги предвид потребните финансиски ресурси и буџетски (ре)алокации, инфраструктурни инвестиции, законски измени, промени во даночните политики и слично. Сепак, за дел од мерките предвидени во изборните програми на различни политички субјекти, може да се каже дека имаат среден или висок степен на остварливост.

- Во однос на опфатот на мерките за младите во Програмата на Владата, може да се забележи дека тие се присутни во голема мера и доколку се спореди со изборните програми на политичките субјекти, најголемиот дел од нив или скоро сите се преземени од програмата на победничката Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“. Не се забележуваат специфични мерки за млади кои произлегуваат од изборните програми на останатите политички субјекти кои се дел од новата Влада.

# Препораки

## Препораки за политичките субјекти

- Политичките субјекти навремено и јавно да ги споделат своите изборни програми, кои ќе бидат постојано достапни онлајн, во пребарлив формат и на јазикот на гласачите во изборните единици.
- Во изборните програма предвидените политики и мерки да бидат претставени на начин кој ќе може да ја одрази нивната мерливост и остварливост, со наведени конкретни индикатори за успешност, финансиски буџет, временска рамка и назначени одговорни институции.
- Подмладоците на политичките партии да имаат значајно учество во креирање на програмите на политичките партии, не само во сегментите за млади, но и други области кои подмладоците сметаат дека се важни.
- Да се создадат услови за младите да бидат активни учесници во создавањето и имплементацијата на политиките кои ги засегаат, наместо да бидат само пасивни реципиенти на мерките.
- Применување на интерсекциски пристап во развивањето на политиките за млади, за да се осигура дека сите млади, вклучувајќи ги маргинализираните и ранливите групи се опфатени и поддржани.
- Воведување на систем за следење и евалуација на имплементацијата на мерките за младите, за да се обезбеди нивната ефективност и остварливост.
- Политичките субјекти да воведат доброволни квоти за млади кандидати на своите изборни листи, како и да ги позиционираат младите на повисоки места на кандидатските листи, со цел да се зголеми нивната застапеност во парламентот.

## Препораки за подмладоците на политичките партии

- Активно учество во креирањето на предлог-програмите на политичките партии во делот на политиките и мерките за младите.
- Редовни консултативни средби со претставници на младите (членови на подмладокот, граѓански/младински организации, претставници на студентските тела).
- Застапување на интересите на младите пред раководството на политичките партии.

## Препораки за институциите

- Поддршка за спроведување на истражувачки студии кои ќе ги анализираат потребите и проблемите на младите со цел развивање на политики и мерки базирани на податоци и факти.
- Националните институции како Државен завод за статистика и Агенцијата за вработување на РСМ во континуитет да собираат, обработуваат и објавуваат податоци кои се однесуваат за младата популација (18–29 г.).
- Обезбедување на транспарентност и отчетност во реализацијата на младинските политики, преку редовно известување и вклучување на младите во процесот на мониторинг и евалуација.
- Поттикнување на координација и соработка меѓу различни институции и сектори (владини, невладини, приватни) за интегриран пристап во развивањето и спроведувањето на младинските политики/мерки.

## Препораки за младите

- Поголем интерес за изборниот процес, програмите на политичките партии и кандидатите.
- Информирање преку читање на официјалните документи (објавени од страна на политичките субјекти и релевантните национални институции) поврзани со изборите.
- Активна политичка партиципација преку расположливите конвенционални и неконвенционални форми за политички активизам.
- Поголема вклученост во дебати и активности за решавање на социо-политичките, економските и еколошките проблеми и предизвици во земјата, што ќе доведе до активно учество и ангажман на младите во различни аспекти на пошироката заедница.
- Директна комуникација со Клубот за младински прашања и политики во рамки на Собранието на РСМ со цел споделување на своите предлози и потреби.
- Директна комуникација со надлежните институции за прашања поврзани со младите.

## Препораки за медиумите

- Објективност, прецизност и вистинитост во начинот на презентирање на објавите поврзани со изборните процеси, особено во делот на темите кои се однесуваат на младите.
- Медиумите треба да обезбедат поголем простор и внимание за известување за теми што се од интерес за младите.
- Вклучување на младите во јавни дебати и дискусии, за разни политички и социо-економски прашања и случувања.
- Креирање на едукативни содржини за улогата, значењето и влијанието на младите во политичките и другите општествени сфери.
- Овозможување на дијалог меѓу младите, политичките актери и граѓаните во целокупната област на јавните политики.

# Библиографија

- Агенција за вработување на Република Северна Македонија (2024) Годишен извештај за 2023 година, достапно на Годишни извештаи (av.gov.mk)
- Bárta, O., Boldt, Г., Lavizzari, A. (2021) Meaningful youth political participation in Europe: concepts, patterns and policy implications research study. Council of Europe and European Commission.
- Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2024) Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, по општини, Попис 2021. PxWeb (stat.gov.mk)
- Државна изборна комисија (2024) Известување за решенија за потврдени и отфрлени листи на подносители на листи на кандидати за пратеници за парламентарните избори 2024 година - Државна Изборна Комисија (sec.mk)
- Галевски, М., Горѓиовска, Ј. (2020) МЛАДИНСКО ПОЛИТИЧКО ОТСУСТВО: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020. Издавач: Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на Youth Political Absence - MK - web.pdf (wfd.org)
- Галевски, М., Ивановиќ, И., & Јетковиќ Јанева, Ј. (2022). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место. Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на WFD Let vo mesto Socio politicko ucestvo na mladi ZA WEB.pdf
- Гаранција за млади (av.gov.mk)
- ILO (2022) Млади луѓе што не се вработени и не се вклучени во образование или обука (НЕЕТ): Мапирање и совети за политиките, достапно на MKD_NEET-Mapping-and-Policy-Proposals.pdf (socijalendijalog.mk)
- Јакимовски, Ј., Серафимовска, Е., Марковиќ, М., Топузовска Латковиќ, М., Цекиќ, А., Забијакин Чатлеска, В., Бабунски, К. (2014): Младински трендови во Република Македонија, достапно на ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ - Агенција за млади и спорт.pdf | DocDroid
- НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2016–2023, достапно на NSMK.pdf (segaorg.mk)
- НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023–2027, достапно на https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/nsm23-27-sluzhben-vesnik.pdf
- Незири, Д., Костуранова, Д., Галевски, М. Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место (2021), Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на WFD Let vo mesto Socio politicko ucestvo na mladi ZA WEB.pdf
- Одговорна Влада (odgovornavlada.mk)
- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА работна верзија (2024–2028), достапно на https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vladata-2024-2028.pdf
- Sherifaj, E., Stojceska, B., Topuzovska Latkovikj, M., Dukovska, B., Gligorović, A., Vukadinović, K., Oy, B. (2023) Youth participation index monitoring report of political, social and economic participation of youth 2022. Serbia, Albania, Montenegro, North Macedonia, Turkey. Publisher: Foundation Ana and Vlade Divac, Belgrade, достапно на Youth-Participation-Index-2022.pdf (partnersalbania.org)
- Stockemer, D., Gallant, K., Lewis, S., Deom, J. C., & Lam, C. (2023). Youth's low presence in parliament: the perspective of candidates and elected representatives. Politics, Groups, and Identities, 1–21.
- Stockemer, D., & Sundström, A. (2019). Do young female candidates face double barriers or an outgroup advantage? The case of the European Parliament. European Journal of Political Research, 58(1), 373–384.

- Stojceska, B., Dukovska, B., Topuzovska Latkovikj, M. et all (2023) Position of the NEET Youth in Nꝋrth Macedonia: Control-study-_N.MACEDONIA.pdf - Google Drive

- Sundström A, Stockemer D. Conceptualizing, Measuring, and Explaining Youths' Relative Absence in Legislatures. PS: Political Science & Politics. 2021;54(2):195–201. doi:10.1017/S1049096520000906

- Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 10/година LXXVI (2020) Закон за младинско учество и младински политики, достапно на Службен весник на РМ (slvesnik.com.mk)

- Службен весник на Република Северна Македонија, редакциски пречистени текстови (2024) ИЗБОРЕН ЗАКОНИК, достапно на ИЗБОРЕН ЗАКОНИК - Пречистен текст (Сл.Весник - март 2024 година).pdf - Google Drive

- Собрание на Република Северна Македонија - Пратеници (sobranie.mk)

- Teorell, J., M. Torcal, and J. R. Montero. 2007. "Political Participation: Mapping the Terrain." In Citizenship and Involvement in European Democracies: A Comparative Analysis, edited by J. W. van Deth, J. R. Montero, and A. Westholm, 334–357. New York: Routledge.

- Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Наумовска, Б., Старова, Н. (2024) Студија за млади на Северна Македонија. Фридрих Еберт Фондација – канцеларија во Скопје (во печат)

- Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска, Е., Цекиќ, А., Старова, Н. (2019) Студија за млади на Северна Македонија. Фридрих Еберт Фондација – канцеларија во Скопје, достапно на https://library.fes.de/pdf-files//bueros/skopje/15292.pdf

British Embassy
Skopje

UK International
Development
Partnership | Progress | Prosperity

WFD